**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Шеесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 септември 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,44 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Почитувани колеги, бидејќи координацијата е се уште во тек поради заклучоците ќе продолжиме со седницата во 12,00 часот.

(Пауза од 11,45 до 13,05 часот)

(По паузата.)

Ги повикувам колегите пратеници да влезат во салата.

Почитувани колеги, со оправдано задоцнување од два часа поради заклучоците, продолжуваме со работа по 69-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љубчо Георгиевски, Абдулади Вејсели, Весна Јаневска, Данаил Дончев, Илинка Митрева, Лазар Китановски, Љубисав Иванов Ѕинго, Али Ахмети, Фазли Велију, Садула Дураки, Арбен Џафери, Мендух Тачи и Горан Мисовски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме на едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

Бидејќи системот го искористиле само 57 пратеници, би ги замолил службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Во салата се присутни мнозинство пратеници и Собранието може полноважно да одлучува.

**Прва точка - Информација за последните случувања во Ваксинце и рефлексии по безбедносната ситуација во Република Македонија**

Претресот по Информацијата е заклучен.

Пратениците Јани Макрадули, Игор Ивановски, Владо Бучковски, Оливер Спасовски, Рафис Алити, Џеват Адеми, Јован Манасијевски и Роза Топузова Каревска, поднесоа Предлог на заклучоци кој ви е поделен.

Пред да ги ставам Предлог-заклучоците на гласање, гледам на екранот дека има пријавени за процедурално.

Три минути за пратеникот Оливер Спасовски процедурално, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Сакам чисто процедурално...

**Иван Анастасовски:** Се извинувам колеги, ако може за тишина, да се сослушаме. Продолжете.

**Оливер Спасовски:** Сакам процедурално да го искажам ставот на СДСМ во однос на она што го дадовме како предлог до Собранието и како предлагачи на точката на дневен ред.

Навистина изразувам жалење што не можевме да постигнеме консензус околу заклучоците кои требаше Собранието на Република Македонија да ги донесе по завршувањето на расправата околу Информацијата во врска со случувањата во Ваксинце и со тоа да упатиме еден јасен сигнал дека во Република Македонија сме подготвени до крај да функционираат принципите на демократијата и на правната држава.

Бидејќи немавме постигната согласност помеѓу координаторите на политичките партии, пред се во делот од заклучоците кои се однесуваат на утврдување на одговорноста и изведување до крај на оваа постапка која е овде, а од расправата, тоа е реален заклучок заради тоа на почетокот на расправата имаше едно тврдење како информација од страна на министерката за внатрешни работи, за да по изнесување на одредени факти и аргументи од страна на опозицјата таа информација да биде надополнета и со тоа се остави голем сомнеж по однос на оваа акција или рутинска контрола или не знам како го нарекува Министерството за внатрешни работи, меѓутоа едно е јасно дека ќе мора до крај да се спроведе истрага внатре во Министерството и мора некој кој ја наредил ваквата акција, во која имаме еден загинат припадник на Министерството за внатрешни работи и тројца повредени припадници на Министерството за внатрешни работи во која имаме и други загинати лица во овој инцидент во која истрагата нема увид во овој момент, сето тоа отвора широка рамка и сомнеж дека конечно ќе мора да се побара одговорност.

Заради тоа баравме во еден од заклучоците да се утврди одговорноста од страна на Министерството за внатрешни работи па дури и на министерот за внатрешни работи заради тоа што ако не се спроведе постапка во која ќе се утврди точно кој е одговорен за настанатите случувања во овој инцидент, најодговорен е министерот за внатрешни работи кој очекувавме дека ќе има доблест да поднесе оставка онака како што побаравме.

Токму од тие причини ние ги предложивме овие заклучоци, кои се пред вас, сметам дека заслужуваат поддршка се со цел да излеземе како одговорно Собрание на Република Македонија, што очекуваат и граѓаните од нас. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Процедурално господинот Рафис Алити, повелете три минути.

**Рафис Алити:** Ви благодарам господине потпретседател, почитувани пратеници, почитувани присутни.

Парламентарната група на ДУИ е многу загрижена затоа што вчера госпоѓата министер даде две информации.

Првата информација беше дека полициска патрола сочинета од тројца паднала во заседа на граѓаните од Ваксинце.

Втората подоцнежна информација по интервенцијата на пратеникот од СДСМ беше дека имало полициска акција. Сите информации говорат дека вчера имаше полициска акција во Ваксинце, како се одвивал настанот, ние не сме надлежни, меѓутоа, како пратеници избрани од народот не заслужуваме од страна на оваа Влада или претставникот на Владата, кој беше вчера госпоѓицата министер да се почнело со пратениците да се дезинформираат, да се дезинформира јавноста.

Ние мислиме дека заклучоците кои се предлагаат на Собранието заслужуваат и да бидат подржани и од позицијата. Доколку продолжиме со старата песна како што работеше оваа Влада во текот на овие 12 месеци, мислам дека тоа не е интерес ниту на опозицијата ниту на позицијата, а уште помалку интерес на граѓаните на Република Македонија.

Затоа ве повикувам да ги подржите овие заклучоци. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван колега.

Процедурално за господинот Јован Манасијевски, повелете три минути.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине потпретседателе.

И вчера во дискусијата побарав, меѓутоа, настаните потврдија дека е се уште потребна седница на матичната комисија. Бидејќи постои неусогласеност околу заклучоците, а во функција на тоа да се донесат единствени заклучоци, потребна е претходно да се одржи седница на Комисијата за одбрана и безбедност затоа што вчера Парламентот беше изманипулиран од министерката, ни беше соопштено дека што туку и пристигнал записникот во кој стои дека се работи за редовна патрола и редовна обиколка.

Од нејзините изјави подоцна, но и од настаните што следеа, очигледно е дека се работи за поголема полициска акција која е лошо испланирана и со непотребни жртви.

Затоа, за да Собранието донесе соодветни заклучоци кои ќе бидат релевантни, потребно е матичната комисија да има седница на која ќе бидат присутни најодговорните личности во Министерството за внатрешни работи и каде врз основа на реална слика на настаните ќе се донесат усогласени заклучоци. Не е добро да преминеме само преку овие заклучоци, да ги изгласаме или не, туку е потребно на Комисијата да се поведе темелна расправа, затоа што Парламентот вчера беше изманипулиран со извештајот на надлежниот министер. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути процедурално за госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Сакам да го искажам ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата зошто нема да го прифатиме овој заклучок онака како што е предложен и што е тоа што не успеавме во претходните нешто повеќе од два часа да усогласиме и зошто не постигнавме согласност.

Ние сме убедени дека неколку точки од заклучокот кој беше понуден се прифатливи за нас. Тоа е точката 1, модифицирана точка 4, точка 6 исто така модифицирана, точка 7 и целосно точка 8.

Но, сосема накратко да кажам зошто нема да гласаме за овој заклучок вака како што е дадено. Ние не можеме да се согласиме со тоа да прејудицираме вина и да бараме одговорност кога се уште не се завршени истражните дејствија.

Вие, почитувани колеги, се согласивте во текот на вчерашниот ден уште додека трае истагата да имаме седница и врз основа на првични информации да расправаме и да носиме некој суд за тоа што се случило или не се случило во врска со инцидентот кој беше во 30 минути по полноќ вчера.

Токму од тие причини, бидејќи се уште траат истражните дејствија и немаме целосна слика за случајот, сметаме дека не можеме да прифатиме да бараме одговорност или да прејудицираме вина на било кој и заради тоа за нас се неприфатливи точката 2, точката 3 и во исто време не можеме да се согласиме со квалификациите дека Собранието на Република Македонија треба да констатира дека безбедносната ситуација во Република Македонија е нарушена.

Ќе се согласите дека тоа е прашање за кое треба да расправа Советот за безбедност и ние се согласивме во заклучоците да упатиме барање од страна на Собранието на Република Македонија, да препорачаме да се состане Советот за безбедност, бидејќи тој е најкомпетентен да разговара врз основа на сериозни аргументи и информации кои ќе бидат дадени од релевантни институции и да носи одлука дали има загрозена безбедносна ситуација во земјата или нема.

Од тие причини сметаме дека ваквиот заклучок како што е понуден е неприфатлив и ние нема да го гласаме тој заклучок.

Уште еднаш упатувам апел до опозицијата да ги избегнеме овие делови од заклучоците и тогаш заеднички ќе се усогласиме и ќе го гласаме заклучокот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Три минути процедурално за пратеник Агим Рамадани, повелете.

**Агим Рамадани:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани пратеници.

Парламентарната група на ДПА заклучоците предложени на овој начин и со овие точки нема да ги подржи од причина што во овој документ на Предлог заклучоци се лошо употребени моменти и настани кои се случија вчера. Можам да ја информирам јавноста дека во точката каде се вели безбедносната состојба во Република Македонија не е добра, ќе ви кажат дека безбедносната состојба е во ред, да не ја дезинформираме јавноста, државата и полицијата и сите ограни ја вршат својата работа. Единствено што не одговара во оваа држава е организираниот криминал, криминалците тие кои се во спротивност со законот и тие кои не сакаат да одговараат пред правдата.

Затоа во оваа насока парламената група на ДПА во целост ги отфрла овие заклучоци во насока на тоа дека оваа седница и овие настани не треба да се злоупотребуваат затоа што имаме случаи каде е убиен командир на полиција и во оваа насока треба да бидеме малку повнимателни и како пратеници и како граѓани и како јавни лица да предлагаме точки кои ќе одговараат пред законот и начинот како постапува овој Парламент и оваа Влада.

Уште еднаш ќе ви кажам дека овие заклучоци нема да ги подржиме на овој начин, согласни сме да се сузбие криминалот до крај и наниту еден начин надвор од законот нема да го подржиме. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван колега.

Бидејќи нема повеќе пријавени, ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 82 пратеника, за гласале 30, нема воздржано, 52 гласале против.

Констатирам дека Собранието не ги усвои предложените заклучоци.

**Минуваме на точка 2 - Предлог за избор на претседател на Комисијата за хартии од вредност**

Предлогот за избор ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот Марина Наќева Кавракова да биде избрана за претседател на Комисијата за хартии од вредност.

Молам, кој бара збор?

Тука е заменикот министер за финансии, во име на Владата.

Има збор господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам потпретседателе.

Иако бев прв пријавен за дискусија, би замолил Владата како предлог што ги има дадено за госпоѓа Кавракова Наќева да ни даде барем воведни напомени од кои причини ни го предлага истиот предлог.

Со оглед на тоа што се случува често пати кога ќе се јават пратениците за збор, после тоа да се јави претставникот на Владата, па би прашал дали претставникот на Владата има намера да ни даде образложение, па тогаш би дискутирал.

**Иван Анастасовски:** Почитуван колега тоа е негово право, ако оцени заменикот министер, еве се има пријавено за збор.

**Слободан Најдовски:** Добро после него би дискутирал.

**Иван Анастасовски:** Ве молам после да го ставите пратеникот Слободан Најдовски за дискусија.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Благодарам.

Владата има испратено допис каде јасно се гледа кој е кандидатот, се гледаат квалификациите, работното искуство и врз основа на тие квалификации и работно искуство Владата одлучи да ја предложи госпоѓа Кавракова за претседател на Комисијата за хартии од вредност.

Не би навлегувал подетално во расправата, сметам дека ова што го испрати Владата до Парламентот и пратениците е сосема доволно. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Повелете господине Најдовски имате повторно збор.

**Слободан Најдовски:** Благодарам потпретседателе.

Дозволете ми да го искажам своето мислење по однос на предлогот за госпоѓа Марина Наќева Кавракова која Владата ја предлага за избор на претседател на Комисијата за хартии од вредност.

Имаме предлог за избор на една комисија која со развојот на акционерските друштва на берзата во Република Македонија и на проблемите врзани со хартиите од вредност, се повеќе добива на тежина, односно оваа комисија се повеќе ќе има одлучувачка улога во идниот период.

Неслучајно реков Владата да го образложи предлогот кој го имаме на денешната седница, од една едноставна причина.

Прво, несфатливо е за една ваква важна функција да имаме предлог во кој за биографијата на госпоѓа Наќева Кавракова, имаме само движење на незиното вработување односно професионална ангажираност без притоа да имаме една оценка од страна на предлагачот за нејзината ефикасност и успех во работењето.

Втората моја забелешка е, во предлогот што ние го добивме и излагањето на заменик министерот, нема ни еден збор која е поврзаноста на госпоѓа Марина Наќева Кавракова во однос на работењето со хартии од вредност. Не смееме да си дозволиме, јас зборувам сега врз основа на предлогот од Владата, на една ваква значајна институција да ставиме личност за која Владата воопшто не ни кажува дали дотичната госпоѓа

имала било каква допирна точка во својата професија, со хартии од вредност. Тоа е првата моја забелешка.

Втората забелешка е дали во Република Македонија немаме ни една личност која професионално работела или се ангажирала во областа од хартиите од вредност.

Она што мене ме загрижува е фактот дека Владата ни предлага партиска личност. Во услови кога сакаме да развиваме пазарна економија, во услови кога сакаме, неслучајно и со законот е поставено да биде самостојна институција Комисијата за хартии од вредност, мислам дека е опасно ако одредена партија длабоко вмеша прсти во оваа комисија.

Искуството од ангажирањето на госпоѓа Марина Наќева Кавракова да раководи со институции во кои партиите имале длабоко влијание, ни покажува дека не треба да биде избрана. Зошто ова го зборувам?

Во самата биографија ќе се види дека госпоѓа Кавракова од 2000 до 2001 година била генерален директор на Агенцијата за приватизација на Република Македонија и тоа е еден период кој ќе остане запаметен по многу контраверзи, а најконтраверзна е приватизацијата на Лозар од Битола.

Истата таа госпоѓа Кавракова е таа која распушта комисија при Агенцијата за приватизација која не одлучила онака како што таа сметала дека требала да се одлучи. Истата таа госпоѓа Кавракова, како директор на Агенцијата за приватизација, на 27.04.2001 година, како директор на Агенцијата, како најповолен понудувач го избира ЦИП Продукт од Охрид. Истата таа госпоѓа по приговор на заинтересираните странки по однос на овој случај, на 03.05.2001 година си го поништува сопственото решение кое го донела по однос на приватизацијата на ПОСТ Лозар Битола, па истата таа госпоѓа е таа која повторно носи решение за ЦИП Продукт Охрид како најповолна понуда за купување на Лозар Битола.

Во оваа прилика не би сакал детално тоа да го елаборирам, бидејќи сеуште чекам одговор од Владата на Република Македонија, на моето патеничко прашање писмено поставено до Владата, што се случува сега околу таа приватизација и тогаш ќе зборувам за тоа, иако господин Ставрески како вице премиер, на последната седница за пратенички прашања ми одговори дека Владата не знае зошто не одговорила на тоа прашање и дека во периодот кој престои ќе го имаме одговорот, но го поставувам основното прашање: може ли една личност која нема никаква допирна точка со проблематиката од хартии од вредност, до сега, така како што е дадено во биографијата која вие како Влада ни ја доставивте и една личност која предизвика контраверзии по однос на една приватизација, ако обавувала функција, поставена од Влада да ја обавува оваа функција. Владата мора да даде дебело образложение зошто ја предлага дотичната госпоѓа.

Самиот пример што партиски дејствувала еднаш кога била поставена на оваа функција, не упатува, да не речам се плашиме, но да имаме голем сомнеж дека Владата директно, преку свој човек сака да влијае на оваа и те како чувствителна проблематика, како што е Комисијата за хартии од вредност.

Од тие причини сакам да искажам дека Владата нема соодветен предлог, сакам да искажам дека Владата строго партиски се поставила во овој случај и би било најдобро Владата да го повлече својот предлог и да ни предложи личност која и со своето професионално работење, со своето професионално искуство, ќе биде достојна за обавување на функцијата претседател на Комисијата за хартии од вредност.

Јас нема да гласам за овој предлог, така како што ни го предложи Владата на Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Три минути реплика за госпоѓа Јагнула Куновска, повелете.

**Јагнула Куновска:** Мислам дека не само во овој случај, туку воопшто, ние не треба, кога треба некоја личност да избираме за некое одговорно место, да поаѓаме од нашето индивидуално мислење и да го искажуваме како факти кои никаде не се утврдени.

Тоа што од колегата пратеник јас денеска го слушнав, не ми дава за право јас да го прифатам неговото мислење, бидејќи ако тој се сомнева дека таа на некое место каде што претходно работела и имала одговорно место, не одговорила на тоа или злоупотребила, не е доволен неговиот збор. Еве јас конкретно мислам дека таа личност, читајќи ја нејзината биографија која Владата ни ја предожи, професионално одговара за да може токму ова место кое навистина и денес и во иднина ќе биде уште поактуелно. Лесно е ние да оцрнуваме личности, но ние треба да го кажеме тоа со факти. Не е само сомнежот доволен дека некоја приватизација не ја спровела законски. Имало време до сега и колегата и други институции да покренат и тоа да се расчисти. Затоа мислам дека Владата ја предлага неа. Одговорноста е на Владата. Одговорноста е лично нејзина, дали ќе одговори или не на тоа место што денес се предлага да биде избрана. Ние треба да дадеме доверба.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Да се појасниме.

Госпоѓа Куновска вели да и дадеме доверба на Владата. Еве јас не и давам доверба на Владата како предлагач и тука сме на две сосема спротивни страни.

Втора работа, госпоѓа Куновска, јас не зборував на памет. Јас цитирав решенија со датум, со број

на решенија, ако сакате што најпрвин соодветната личност го донела, па го поништила, па повторно го донела.

Трето, велите вие, од самата биографија сте се увериле дека соодветната госпоѓа ги исполнува условите.

Јас само ќе ви кажам, со оглед на времето била финансиски оператор и финансиски директор на текстилна фабрика до 1992 година.

Ве молам без дофрлување. Зошто сте толу нервозни последно време. Без дофрлување. Ве молам потпретседателе создадете услови. Јас не знам што се случува со госпоѓа Куновска последно време.

**Иван Анастасовски:** Има услови, но вие двајца меѓу себе си разговарате. Времето ви истече господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Јас дискутирам а таа дофрлува и ме прекинува. Вие треба да реагирате. Не и е прв пат.

**Иван Анастасовски:** Би ја замолил колешката да не дофрлува.

Господине Најдовски имате уште 10 секунди, повелете.

**Слободан Најдовски:** Само да се дообјасниме.

Од целокупното нејзино ангажирање од 1988 година до денес, ни еднаш немала врска со хартии од вредност, ни еднаш не работела на таа проблематика. Сега не знам што ви дава за право да кажувате дека работела на таа проблематика.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

Денес Собранието има сериозна задача пред себе, да даде доверба или не на еден предложен кандидат од страна на Владата, за многу битна институција.

Комисијата за хартии од вредност и те како има сериозно значење, не само нужно врзано со работењето на берзата, туку генерално како ќе се пондиционира и понатаму финансискиот пазар кој што за волја на вистината е сеуште во фазата на зачеток во Република Македонија но кој пред се има огромна перспектива.

Сите оние работи кои во континуитет во изминатата година и повеќе можеме да ги констатираме дека берзата добива на своето значење, дека таа добива на свој развој, имаме континуирани пораст, но во дадени ситуации и падови од некакви други, пред се субјективни причини, укажува дека значењето на оваа комисија е исклучително битно и не може туку така да одиме со тезата, ајде тоа што го предлага Владата ние по автоматизам мораме да го прифатиме и тоа од неколку причини:

Прво, методолошки Владата вели разгледувала повеќе кандидати, ние тие имиња овде ги немаме. Таа во своето образложение потпишано од Груевски ни дава раска од Законот за хартии од вредност, тоа што ние го знаеме, бидејќи ние сме го донеле тој Закон и на крај дава конкретен предлог што, за волја на вистината, ваква биографија од осум реда немам видено ни за многу помалку значајни функции и институции. Значи, ако Владата има сериозни аргументи да ја предложи конкретната личност Марина Наќева Кавракова за вакво место треба или таа или некој од службите на Владата да се потруди и да ни каже во што е таа специјализирана за оваа работа, бидејќи работата во Комисијата за хартии од вредност не е работа со хартии обични, туку со хартии од вредност, а вредноста претставува имот, личен. на фирми. Таа варира, може да иде горе и доле и апсолутно е значајно како таа ќе ја извршува својата функција.

Она што можеме да го видиме во таканареченото движење во службата на соодветната госпоѓа, бидејќи само тоа и го има, можеме да видиме дека таа била финансиски оператор и директор на текстилна фабрика за постелнина, директор на фабрика за чевли Тамаго и тн., во оној дел кога работела во приватниот сектор. Јас не можам да тврдам целосно, но мислам дека овие фирми веќе не постојат. Тоа говори за тоа како таа работела како финансиски или како генерален директор на овие две компании.

Она што е можеби најбитно, кога говориме за оваа предложена личност каде што таа навела дека во периодот 1999-2000 година е финансов директор на Царинската управа, во 2000-2001 година генерален директор на Агенцијата за приватизација, а од 2001 година па натаму помошен директор и самостоен советник во Царинската управа.

Господа пратеници, предожената госпоѓа била финансов директор на директорот Драган Даравелски во царината на Република Македонија. Драган Даравелски, кој бидејќи ги најде правните механизми за кои мислам дека сепак не се до крај исцрпени, да избега од Македонија и да седи сега во Белград, госпоѓата била финансиски директор на човекот кој направи најголем криминал во институцијата на Република Македонија. Ги нема во првиот ред колегите од ВМРО-ДПМНЕ, да им кажам дека токму заради него и такви како него Македонија е на 104 место по корупција во светот и не мрда од таквото место.

Навистин, не ми е јасно како може да се товари кривично Драган Даравелски, сите во оваа држава да знаат за криминалите што тој ги направи во функција на ВМРО-ДПМНЕ, а госпоѓата која е финансов директор, не само да не биде опфатена со таа постапка, туку таа сега треба да добие и награда. да стане директор на Комисијата за хартии од вредност.

Ако сакаме да продолжиме понатаму и да речеме, во ред, тоа било само во Царината, веќе во нејзиното движење таа била наградена и во период од година и повеќе била генерален директор на Агенцијата за приатизација. Знаете во кој временски период беше таа генерален директор, дел од тоа го спомна мојот колега, кога

на дневна основа, некогаш и два пати на денот, се менуваа дисконтите на Агенцијата за приватизација за фирмите да завршат по багателна цена, на директори и членови на ВМРО-ДПМНЕ, кои, ако се сеќавате доброволно во тестаменти се откажуваа и го препишуваат имотот на партијата, бидејќи така и го добиле, да истата партија која сега ни ја предлага оваа личност за генерален директор. Дел од нив беше споменато од колегата Најдовски. Тоа беше случај со огромниот имот на Трготекстил кој беше распарчен и продаден за 190% дисконт, што по телефон беше соопштуван од страна на директорката на Агенцијата за приватизација, на личностите што во тој временски период чекаа во берзата за да можат да ја добијат на таканаречената, дефакто непостоечка аукција со акциите и на крај огромен број на фирми без пари, речиси џабе завршија во сопственост на истакнати членови, финансиери и партиски заслужни луѓе на ВМРО-ДПМНЕ.

Не ја гледам тука колешката Јагнула Куновска, извинете, за ваква личност не можам да дадам поддршка, бидејќи не сум сигурен и можам да претпоставувам, дали своето искуство и минат труд на ваков начин ќе може да го употреби во својата идна работа, до колку и ја дадеме довербата да биде директорка на Комисијата за хартии од вредност. Ако таа била вториот човек во Царината, кога според некои информации се потрошени 136. 3 милиони денари од буџетот на Царината за купување на автомобили за повеќе општини за Брегалничката епархија, замислете таа во својот исказ пред судот кога се започнува постапката за нејзиниот шеф, вели таа не знае на кој начин биле набавени спорните возила. Замислете, финансискиот директор што треба да го контролира трансферот, приливот и одливот на финансиските средства во Царината, не знае како биле набавени спорните возила на овој и овој начин и замислете тоа го направил сам Даравелски и треба да веруваме на таква работа. Ако таа не знае како се потрошиле овие пари тогаш кога била лично одговорна, тогаш веројатно за месец дена може да рече дека не знае како се истргувани или како се дадени во продажба тие и тие акции каде сеуште има некој дел резидуали и државен капитал и после ќе рече, извинете јас оваа работа не ја знаев. Штетата се направи, цехот е платен од државата и од граѓаните, Марина Кавракова пак ќе се правда со незнаење.

Во сериозна и здрава држава нема одговор не знам. Или знаете и сте дел од тоа, или сте знаеле и сте против тоа. Па, ако се случила ваква работа треба да си поднесе оставка и да го обелодени криминалот што некој го правел во нејзино време. Нека сврти на телефонот 199 и нека даде прилог во онаа фарса од компањата “Стоп за корупцијата”, нека рече јас сакам како Марина Кавракова да пријавам криминал. Криминалот го направи мојот шеф Драган Даравелски, јас не знаев, еве јас сега пријавувам и ќе сведочам и ќе ги дадам аргументите.

Не може да имаме двојни аршини и да зборуваме за борба против криминал и корупција, а луѓе со минат труд во јавно обелоденети дела да добиваат поддршка, да ги унапредуваме и да ги ставаме на исклучително значајна институција, која што допрва ќе добива на значење, нормално ако сите работи одат во правилна насока.

Не може да дадеме поддршка на човек, на жена, која што се согласила имотот на државата да го продаде со дисконти од 90%. Знаете ли како изгледа тоа? Тоа е тезата на Љубчо Георгиевски и Никола Груевски, ја продадовме ОКТА бидејќи било старо железо. Замислете! И ја продадовме ОКТА на начин на кој што ја продадовме и сега цехот си доаѓа еден по еден. Штетите на почетокот беа 20 милиони долари со мазутот и со писмото на Никола Груевски и Бесник Фетаи подоцна, за кое што веќе јавноста дозна, сега цехот е 53 милиони долари од еден спор, не знаеме колку тие суми ќе се зголемуваат. Замислете никој за тоа ништо не знаел, Георгиевски вели продадовме старо железе, направивме зделка на децениjата, Груевски вели не бев на седницата, а попат го дава својот потпис ...

**Иван Анастасовски:** Колега, на Марина ако може да се вратиме ако може. Продолжете.

**Игор Ивановски:** Колега потпретседател, кога тоа се случуваше не бевте ни вие ни јас во ова Собрание, ама беа некои други кои што молчеа и веројатно заради сопствени лични интереси аминуваа тоа што ќе го предложеше некој од Илинденска бб. Тогаш тоа беше Љубчо Георгиевски и Никола Груевски. Сметката после неколку години дојде. Јас не сакам Македонија во континуитет да плаќа нечии штети, бидејќи штетите на крај одат на товар на граѓаните. И не можам да дозволам претпоставката, а врз база на некои минати информации дека можеби оваа личност ќе ги повтори начините на својата работа и во оваа институција и на крај пак некој мора да ја плаќа.

Со ова назначување, пардон со ова предлагање од страна на Владата дефинитивно се потврдуваат сомневањата, фактите дека нема раскинување на идеалната врска помеѓу Љубчо Георгиевски и Никола Груевски. Тоа е едно исто. Едно исто е бидејќи на голема врата ви се враќа дел по дел. Екипата која што до 2002 година правеше пустош, сакате политички, сакате економски, но за да не побегнам од темата политичките работи апропо поделбата на Македонија, за која што никој од ВМРО-ДПМНЕ се уште не се оградува ќе ја оставиме за некое друго време. Ќе говориме само за економијата.

Не може човек од првиот круг на Даравелски да биде унапреден и да ја добие оваа функција освен ако не сакаме да го легитимираме и да го легализираме на крајот како Собрание фактот кој што очигледно добро функционира помеѓу учителот и ученикот, Љубчо Георгиевски и Никола Груевски.

Не може да дадеме поддршка на жена која што го одбрала во дадена ситуација да биде и политички и партиски активна, бидејќи таа била на третото место во Изборната единица 1 на Демократско републиканската унија на Македонија, која што патем речено веќе не постои и е претопена во ВМРО-ДПМНЕ.

Уште една потврда дека старата екипа помеѓу Љубчо Георгиевски и Никола Груевски повторно се обединува. Не само што се обединува, туку повторно ги добива своите позиции во новиот естаблишмен на т.н. нов, замислете ВМРО-ДПМНЕ, кој што одеднаш реши да се обиде безуспешно во јавноста наводно да ги избрише сите хипотеки кои што зад себе ги оставил некој друг. Па ниту тоа може да го направи, ниту е тоа возможно. Со ваквите потези покажувате дека апсолутно коалицијата Љубчо Георгиевски и Никола Груевски функционира, таа е жива и таа ги продуцира резултатите. Денеска, претседателката на оваа партија Доста Димовска е директор на Македонскиот културен центар во Софија. Истата Доста Димовска која што патем знаете дека со аболиција не можеше да и се суди за прислушувањето. Патем, за тоа прислушкување Љубчо Георгиевски кога се обзнани рече “Ова го прави СДСМ за да ми го расипе роденденот”. Тој истиот кој што сега заедно со Никола Груевски спроведуваат некои работи.

Не може да се даде поддршка на жена која што се одлучила да биде учесник во една партиска кампања, дали тоа е сега во моментот или не, не можам да тврдам, но тоа покажува дека на ваква институција, која што е многу чувствителна, на исајдерски информации од кои што зависи и пазарот, а берзата е пазар, не може да биде. Бидејќи, само за споредба, претходната претседателка на Комисијата за хартии од вредност беше и е универзитетски професор на Правниот факултет со директна допирна точка на финансовото право, со директна допирна точка на проблематиката за која што таа треба да работи. Пазете, таа ги регулира односите. Учествува директно во дадени ситуации на тоа како пазарот ќе ја даде својата цена. Тоа е опасно да го прави човек, или да не го прави, но да има шанса да го прави, човек кој што се декларирал дека е член и кандидат за пратеник на една политичка партија, сега стопена во ВМРО-ДПМНЕ, сите 50 члена, веројатно сите овие кандидати и која што има минат труд, кој што дури и да нема судска постапка е сам по себе контраверзен.

На Македонија во ваква ситуација не и треба луѓе кои што на вака исклучително битна функција ќе си ги донесе куферите од минатото време и минатите обврски и минатите ветувања, и минатите можеби се уште незавршени работи, спроведени или побарани од творецот Љубчо Георгиевски и Никола Груевски.

Почитувани колеги ако навистина сакате да ја департизирате државата имате шанси сега. Досега на голем број на вакви предлози од страна на Владата каде што Собранието е помалку или повеќе инволвирано таа шанса е пропуштена. Сега само го пропуштате механизмот, нормално кога ќе гласате на Владата да инсталира партиски кадри со многу контраверзно минато и хипотеки и партиски кадри кои што можеби треба да отворат за некој мал капиџик, за некој голема врата на луѓето кои што знаеме што и направија на македонската економија.

Да не ви повторувам што направија и Далаверски и Ламбе Арнаудов. Во тоа време замислење потчинети согласно хиерархијата на законот, на министерот за финансии во тоа време Никола Груевски.

Ништо не е случајно. Никој во оваа држава не е случаен. И, ниту еден потез што се прави не е случаен. И вие ова го поддржувате. Вие го поддржувате и сега ми е јасно зошто колегите од ВМРО-ДПМНЕ во континуитет одбиваат прво да го стават на дневен ред, претпоставувам дека гласаа против, на една или друга верзија во зависност од партиите предложениот закон за решавањето на проблемот на стечајците надвор од ова Собрание.

Па, господа пратеници дел од тие фирми каде што тие луѓе работеле се продадени со огромни дисконти и на крај затворени и ликвидирани, токму кога Кавракова била директор на Агенцијата за приватизација. Може да го побарате списокот од регистарот на тие фирми па ќе видите кога тоа е направено. Токму во периодот 1998-2001 година ...

**Иван Анастасовски:** Колеги, во моментот сега зборуваше за Марина. Нема потреба да реагирате од место. Кога ќе забега од темата јас го опоменувам.

**Игор Ивановски:** Не може никако да забегам господине потпретседателе. Сето ова кое што се говори и тоа како има врска со конкретната личност. Јас би сакал ништо од ова што го говорев да нема врска со неа, ама не можам бидејќи е таков предлогот. Да се дадеше некој друг предлог, да дадеше Владата некој друг предлог, можеби целата оваа расправа ќе траеше три и пол минути и ќе го изгласаме. Ама не е така, за жал не е така и упорно продолжува праксата на инсталирање на проверени со свое сериозно искуство ваквите работи и кадри од страна на ВМРО-ДПМНЕ. Така држава не се води. Така не се води здрава и објективна економија. Така не се поставуваат правите правила на игра таму каде што тоа е најпотребно во овој момент. Така само се остава и со една нога се влегува во мног сериозни проблеми, каде што безбедноста ни е нарушена, а тоа е директна основа за економија. Сега имаме во економијата да инсталираме луѓе кои што знаеме дека веќе направиле, нормално само на тие што се на власт, бидејќи сега има друга диоптрија, работите не им се познати. Но фактите се факти, минатото е минато, и оваа држава е мала. Два милиони не има. Не може да се сокријат работите што некој ги прави и тоа е сериозна основа за

претпоставка и за сомневање и со аргументи. Не знам зошто ние како СДСМ ќе го поддржиме предлогот на Владата за избор на директор на Комисијата за хартии од вредност. Заради типовите на враќањето на голема врата на Далаверски, на Ламбе, на Љубчо, како дирекна обврска на Никола Груевски, СДСМ преку овој избор не сака да го легитимизира и легализира, затоа ќе гласаме против изборот и предлогот на Владата. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Кој е за реплика од пријавените?

Три минути реплика пратеник, господин Рамадани Агим, повелете.

**Агим Рамадани:** Благодарам.

Морам на господинот Игор Ивановски да му реплицирам поради тоа што освен што спомнуваше имиња, според негово мислење, инволвирани во криминалот во минатото, господинот треба да бара извинување, не обвинување да направи тука према господинот Бесник Фетаи кој е многу паметен, многу способен, многу стручен. Вие почнавме во вашата власт да го затворате, на крај не најдовте ништо и како прво за тоа не му се извинивте, а сега продолжувате неговото име да го оцрнувате.

Во однос на тоа кој како работел имате право да барате, имавте можност 4 години да барате, да испитувате. Исто така и ние имаме право да бараме, поради тоа што твојот бивш лидер сега е под истрага, па и ваши и други министри од вашите сателитски партии дополнително се под истрага, па ќе видиме кој како ќе биде, па на крај вистината ќе го каже своето.

Затоа уште еднаш немојте уште еднаш да спомнувате имиња на почитувани граѓани на Република Македонија, како што е господинот Бесник Фетаи, во спротивно треба вие да барате од него дупло извинување, и за минатото и за ова сега. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Колега Рамадани, вашиот истакнат член на ДПА го споменав со еден факт а тоа е дека и тој има напишано писмо со негов потпис, како министер за трговија, доставено до ОКТА, за кое што штетата Република Македонија веќе ја плаќа со пресудата на судот во Лондон. Тоа е факт. За понатаму ги оставам судовите и другите инстанци во оваа држава да проценат дали има нешто друго.

Она кое што сакам да ви кажам. Сега господине Рамадани заедно вие со своите приајтели од ВМРО-ДПМНЕ сте власт и имате една голема предност за разлика од нас. Сега ја имате и госпоѓата Марина Кавракова како предлог, ги имате сите што учествувале во тоа време, имате луѓе кои што биле дел во тие работи, па можете да ги купите и да ги добиете информациите од нив за да можете да го расчистите криминалот. Едноставно ги имате луѓето околу вас кои што биле внатре во тоа време, повелете, прашајте ги, најдобро ќе ги имате доказите и ќе можете да постапувате по нив. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Објавувам пауза за ручек до 15,00 часот.

(Пауза од 13,58 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,05 часот)

**Иван Анастасовски:** Можеме да почнеме, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам за зборот.

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, претставник на Владата и на Министерството за финансии.

Денеска, Владата предлага да ја избереме Марина Кавракова за директор на Комисијата за хартии од вредност. Истата онаа госпоѓа која во минатото кога ВМРО-ДПМНЕ беше на власт беше директор на Агенцијата за приватизација и висок функционер во царинската управа на Република Македонија.

Не знам зошто прво, предложената госпоѓа не е тука пратениците да ја прашаат како што е ред бидејќи овој законодавен дом нејзе ја избира и дава овластувања и таа треба да одговара пред пратениците. Логично би било доколку нема што да крие да дојде и да се соочи со прашањата, со дискусиите, со дилемите и резервите кои ги отворија во врска со нејзината кандидатура, нејзиниот политички и професионален беграунд, пратениците на СДСМ. Ако мислеше дека глатко ќе помине изборот, имаше пауза од 14,00 до 15,00 часот можеше да се види во директниот пренос на МТВ дека има огромен број на отворени прашања, контраверзи, со кои опозицијата го оспорува го негира, го критикува оштро овој предлог.

Значи, наместо една таква биографија од неколку редови во паузата неформално споменав во основно школо кога се запишуваат или во средно учениците, па доставуваат некоја поширока биографија дека посетиле некои курсеви, завршиле некои семинари посетиле итн, итн.

Значи од информациите за нејзината биографија опозицијата повеќе знае отколку Владата и самата кандидатка му го предлага на Собранието. Значи, наместо министерот за финансии, со сета почит кој подолго време не се појавил од ребалансот на Буџетот, а и претходно го немаше за некои крупни законски проекти и вака крупни кадровски прашања, за вака одговорни државни функции и институции, наместо да дојде да се соочи со опозицијата во Собранието и да го брани владиниот предлог повторно го нема, меѓутоа, се појавува на владини прес-конференции, со владината свита, со сите најчисти, најнекорумпирани од извршната власт за промовирање на кампањи за спречување на корупцијата “Македонија без корупција”.

Е сега, наместо тој истиот министер чиј предлог треба да го брани овде во Собранието кој на таа прес-конференција викаше дека, незнам некои

грди фаци, корумпирани фаци, треба да се откријат за својот предлог комотно или самиот може да го пријави на бесплатниот телефонски број 199 или самиот да ја номинира за оскар, не на популарност туку за оскар на малверзации во минатото. Да се потсетиме само на случаите на приватизација што и моите колеги ги кажаа, на Битолски Лозар, тука пишува во информациите што не ги има доставено, а треба да ги има доставено Владата и кандидатката, што станувало со Живинарската фарма Билимбегово и ред други фирми кои на крајно нетранспарентен, сомнителен и незаконски начин се трансформирани во времето на госпоѓата Кавракова кога била директор на Агенцијата за приватизација.

Значи, не само што е чудно што во Собранието ја нема самата Кавракова, да се пофали за својата кандидатура, за своите достигнувња и способности, туку интересно, гледам и на дисплејот, досега се нема никој пријавено, од парламентарното мнозинство да ја пофали, да ја одбрани, да ја промовира, ако ништо друго да се соочи со контрааргументите на опозицијата. Ќе ги видиме подржувачите на Владата, ќе ги чуеме, само не знам како ќе ја бранат политиката. Дали се тоа истите подржувачи кои тогаш го подржуваа ВМРО-ДПМНЕ на чело со Љубчо Георгиевски кога министер за финансии и за трговија беше Никола Груевски сегашниот премиер, кога Кавракова беше директор на Агенцијата за приватизација и началник на финансиите во Царината на Даравелски. Да видиме дали тие истите подржувачи сега ќе говорат исто, бидејќи имаме изјави од еден од наследниците на Кавракова на директорското место во Агенцијата за приватизација директоротот Андоновски, кој ја сменува наследничката на Кавракова, Јовановска и кој изјавува дека не само за Јовановска, туку и за нејзините претходници како Кавракова треба да се направи комплетна ревизија на работењето во врска со огромните дисконти попусти кои се давани при приватизацијата на фирмите преку 80-90%, што е, ќе се согласите, ненормално, во врска со нетранспарентното работење итн. итн.

Значи, кога еден ВМРО-вски директор во февруари 2002 година наследник на Јовановска и на Кавракова изјавил дека треба да се преиспита нивното работење, говориме за 2002 година кога се уште ВМРО-ДПМНЕ е на власт, тогаш навистина имало нешто сомнително и нешто труло. Немојте тогашни и сегашни подржувачи на таа политика на Георгиевски и Груевски и на Кавракова да ни кажат дека и за тоа сега и тогаш била крива СДСМ или опозицијата. Дали е ова државниот интерес на ВМРО-ДПМНЕ и во што се огледа. Се огледа во тоа да ги партизира институциите, да влијае на македонската берза. Ова се специјализирани кадри за малверзации од финансиската сфера.

Иако беше кажано, а и според нејзината биографија дека Кавракова воопшто нема искуство со работењето на берзата, хартиите од вредност итн, меѓутоа, за така вешти манипулации што се правени во минатото не се сомневаме дека многу брзо ќе се адаптира и ќе се внесе во работата како што ќе и каже нејзиниот партиски шеф Никола Груевски.

Дали овој предлог на Владата со контроверзната Кавракова претставува упад во системот и дали тоа ќе значи тој упад понатаму рушење на системот или целосно ставање на оваа институција Комисија за хартии од вредност, македонската берза под партиска контрола на моќници на ВМРО-ДПМНЕ, на моќници од врвот и од опкружувањето на премиерот на Владата.

Дали навистина е кадровската политика што во континуитет Никола Груевски ја наследува и ја применува од неговиот ментор, учител Љубчо Георгиевски кој, патем речено, постојано говори за поделба на Македонија, дури и за таа област се нема оградено од него. Исти се во размислувањата, во политиката, во економијата, што е најтрагично, исти се и во кадровската политика. Испаѓа дека кандидатот за пратеник на ДРУМ која сега е претопена во ВМРО-ДПМНЕ и може да си го припишете слободно како ваш партиски кандидат на ДПМНЕ од 2006 година на местото број 3 во изборната единица број 1 не бил случаен така високо ставен на изборната листа за кандидат за пратеник. Еве сега излегуваат на површина должничко-доверителските односи и оние спреги во кадровската политика во матрицата на размислувањето и во кодот, ВМРО-вското размислување помеѓу Никола Груевски и Љубчо Георгиевски. Во овој случај се покажа дека и над попот, по онаа народна, имало поп. Во овој случај се уште помалиот поп е Никола Груевски поголемиот поп е Љубчо Георгиевски кој се уште бара поделба на Република Македонија, а овој упорно молчи како најодговорна институција, претседател на Владата да го заштити уставниот интегритет на Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Се извинувам, да се вратиме на кандидатот.

**Борис Кондарко:** Извинето ви е потпретседателе.

Значи, дали Никола Груевски и зошто поставува партиски кадри од времето на Љубчо Георгиевски, дали ова е доказ дека се уште не е раскината папочната врска меѓу нив, помеѓу политиката и делувањето на тоа ВМРО и ова ВМРО. На едниот, на бившиот претседател и сегашниот претседател на ВМРО-ДПМНЕ. Дали ова е сигнал дека преку кадровската политика на Владата на ВМРО-ДПМНЕ повторно се повампируваат оние мрачни идеи за мрачното минато од 1998 до 2002 година од владеењето на ВМРО-ДПМНЕ, кога задно Груевски и Георгиевски рамо до рамо ја уништуваа Македонија и во економијата преку токму Кавракова или ако сакате не мора да ја спомнувате само Агеницијата за приватизација. Да ја спомнеме и Царинската управа.

Во Царинската управа замислете таа била одговорна за финансиите, а ништо не знаела

што се случува за криминалиите за нејзиниот шеф Даравелски, патем речено на кого Никола Груевски како министер за финансии му бил шеф кој исто така не знаел како министер во тоа време за постапките на негов подреден директор на Царинска управа. Значи, господа од Владата од ВМРО-ДПМНЕ дали ова е рецептот за правење на вашите непартиски, независни институции. Дали се ова вашите непартиски невладини партиски кадри, професионалци, кои по теркот на желбата за партизација на судскиот совет сега истото ќе го доживее и Комисијата за хартии од вредност. Веројатно тоа е посилно од ВМРО-ДПМНЕ, посилно од желбата за независна институција, таа заложба е само декларативна и ваквиот начин на водење на кадровската политика уште еднаш покажува дека ВМРО-ДПМНЕ не е спремен да работи за државниот интерс на Република Македонија, туку постојано преку пуштање на своие партиски пипци сомнителни луѓе кои единствено би имале за задача да завршат некоја валкана работа од финансиите од економијата или од некои трансакции за партијата или за поединци од ВМРО-ДПМНЕ преку промовирање и предлагање на вакви кадри, кои ќе бидат искористени единствено за задскривање на матните зделки на ВМРО-ДПМНЕ се сака да се партизира уште една државна институција. Значи ова е директен доказ дека духот на Љубчо Георгиевски во Никола Груевски се уште постои во ВМРО-ДПМНЕ и колку да сака од тоа да се отргне сепак ќе му биде многу тешко додека не расчисти прво, со своите корумпирани кадри и од минатото, меѓутоа, и од оваа Влада, од актуелната Влада, од луѓето кои излегуваат на прес-конференции да промовираат кампањи за “стоп корупција”, “за Македонија без корупција”, за кампањи кои треба да се однесуваат првенствено на извршната власт, на актуелната власт, на носителите на оние што се во моментот на власт. Затоа што се тие и по дефиниција и како сакате и практично и теоретски најизложени, најконтамирани на опасноста од корупција и не залудни се опомените на опозицијата секојдневно за новите корупциски скандали и афери. Не знаеме дали и за нив се постапува грижливо како што еден од владините портпароли тоа го кажа и дека грижливо се обработуваат тие податоци од страна на овластените служби против актуелните владини функционери осомничени и посочени за можна корупција и мегакоруптивни скандали. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

За раплика, три минути пратеник госпоѓа Бонева Силвана, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам потпретседателе, почитуван колега, наместо да држите вакви долги говори ако имате доказ за криминал не знам што чекавте изминатите 4 години, што чекате и сега и оваа година и во овој момент, знаете кај се институциите каде што можете да пријавите криминал и ќе беше се решено и ќе беше се јасно. Зборувате дека се што е од времето на Љубчо Георгиевски е криминално и сомнително. Да ве потсетам само дека еве и мојата маленкост, Силвана Бонева сум кадар од времето на Љубчо Георгиевски. Значи ли тоа дека сум за вас криминалец и човек со сомнително досие.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика пратеник господин Кондарко Борис, повелете.

**Борис Кондарко:** Па не знам колешке Бонева, јас воопшто не ве спомнав, ниту реков нешто за вас. Ако си имате мувата на капата тоа е ваш проблем. Во меѓувреме како таков кадар сте станале голаме трачерка по Собранието.

(Реакција од страна на пратениците од позицијата)

Па дајте бидете малку посериозна. Проблемот е не може оваа држава да се бори против криминалот на ваков начин да се партизираат институциите. Ќе мора сами да се уапсите.

(Галама во салата)

**Иван Анастасовски:** Ве молам, да се држиме до нивото.

Дозволете, јас го опоменав колегата, полека.

Ама, што скокате сите сега.

Дојдете на мое место, јас го опоменав колегата. Што да станам, го опоменав колегата и навистина е непримерно ова што го кажа колегата. Што скокате сите, полека.

Повелете, процедурално претпоставувам.

Колешке Силвана вие сте јавени за збор или за процедурално?

Повелете три минути процедурално пратеник Бонева Силвана, повелете.

**Силвана Бонева:** Потпретседателе, ве молам да побарате од господинот Кондарко јавно извинување за искажаната навреда, мислам не е достоинствено за пратеник од овој Парламент, неаргументирано, без никаков основ, да лепи етикети на своите колеги.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Мене ми останува единствено, јас го опоменав колегата и еве овде пред сите нас колеги да го замолам колегата Кондарко ако има доблест да се извини за она што беше искажано на ваша адреса. Еве, слушнавте и самата, три минути процедурално пратеник господин Димовски Илија, повелете.

**Илија Димовски:** Процедурално да ви се обратам вас не на колегата Кондарко поради тоа што очигледно нема намера да има колегијален однос. Значи вие имате комплетна слобода, во момент кога ќе се излезе надвор од тоа што треба да претставува едно Собрание, слободно да го одземете зборот на било кој пратеник, значи на било кој од другите 119 пратеници.

Тоа што во последните неколку месеци, јас зборував кога беше интерпелацијата за господинот Љубиша Георгиевски, дел од пратениците се обидуваат Македонското

Собрание да го деградираат до максимум, да ги деградираат своите колеги на највулгарен начин, може да успее во парламенти на некои соседни држави, не може тука да успее. На крајот на краиштата личното достоинство ќе го мерат граѓаните. Меѓутоа, сепак за да ја заштитиме институцијата Собрание и да ги заштитиме колегите од вакви вулгарности, ве молам во такви моменти да им го одземате зборот на тие пратеници.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега на процедуралната забелешка, меѓутоа јас и деовнички имав право да го опоменам говорникот и јас тоа го направив. Јас не можам однапред да предвидам кој што ќе каже во својот говор или во својата реплика или контра реплика. Јас го опоменав колегата и не гледам веќе простор, дури го замоливме, го замолив овде јавно да се извини на барање од колешката Бонева.

Три минути процедурално пратеник Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Апсолутно се согласувам дека треба да се чува дигнитетот на Собранието и навистина би ги замолила сите колешки и колеги во таа насока да ги насочуваме дискусиите. Меѓутоа, исто така замолувам да бидеме и колегијални кога се дебатира, без разлика колку се заинтересирани пратениците за одредена тема и да не дофрлаат од место туку да се сослушуваме, а конкретното јавување на мојата процедурална забелешка беше во таа насока што почитуваниот колега Илија Димески да го предупредам дека не е добро да се прават паралели со останатите парламенти, особено во негативна конотација да се спомнуваат парламентите на соседните земји.

**Иван Анастасовски:** Мене предупредете ме подобро него колегата Илија Димески. Тој имаше на мене забелешка.

**Роза Топузова Каревска:** Во ред, примете ја и вие забелешката меѓутоа и него. Значи не е добро во Парламентот на Република Македонија да се споменуваат во негативна конотација парламенти од соседните земји. Токму така беше. Затоа, ве молам да го зачуваме како дигнитетот на Собранието, но така да се грижиме и за меѓународниот углед на Парламентот.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван потпретседателе, колеги и колешки пратеници,

Јас денес не сум зачудена од штурото објаснување што господинот Трпевски како заменик министер и претставник на Владата го даде за предлогот за претседател на Комисија за хартии од вредност затоа што и во петходните случаи се случувало господинот Трпевски да не знае што пишува во закните, чиј претставник на Владата е и да не може да ни го објасни нивното значење.

Не сум зачудена ни заради тоа што денес добиваме чисто партиско решение заради тоа што тоа е белег на оваа Влада. Меѓутоа она што мене ме зачудува е што Владата веќе не крие и сосема отворено преку вакви партиски кадри кажува дека сите кампањи за борбата против корупцијата и организиран криминал се параван, параван за криминалот што го прави оваа Влада, параван за рекетарството што оваа Влада и нејзините кадри го спроведуваат на фирмите и на други луѓе во Република Македонија и дека ваквото партиско решение е врв на политиката на оваа Влада која де факто функционира на ваков начин, заради тоа што Комисијата за хартии од вредност го регулира начинот на тргување на хартии од вредност на берзата, ги следи и ги контролира активностите на брокерските куќи и банките во работењето со хартии од вредност, врши контрола над работењето на централниот депозитар за хартии од вредност, дава согласност за именување на раководните лица на берзата, на централниот депозитар на хартии од вредност, брокерските куќи и банките во работењето со хартии од вредност и на раководните лица на друштвото за за управување со инвестициони фондови, од Законот за инвестициони фондови, ги одобрува јавните повици што издаваат обврска со јавна понуда за хартии од вредност и тн. Значи со ваквиот потег и ставање на вакво лице, значи партиски кадар на чело на оваа комисија, практично Владата признава дека кампањата за борбата против организиран криминал и корупција е само параван за криминалот и корупцијата што ги продуцира оваа Влада.

Јас и верувам на госпоѓата Јанкулоска кога вели дека, согласно биографските податоци, госпоѓата Кавракова професионално ќе си ја изврши својата должност заради тоа што должноста на госпоѓата Кавракова ќе биде де факто рекетирање на фирмите и покривање на криминалот и корупцијата што оваа Влада ја продуцира. Не случајно е избрана госпоѓата Кавракова на ваква позиција заради тоа што покажала во претходниот мандат на Љубчо Георгиевски и Никола Груевски дека исклучително добро знае да ги работи овие работи како помошник во Царината, во време кога директорот бил Даравелски. Јас се прашувам дали јавната правобранителка ќе излезе и ќе соопшти дека има криминал во приватизацијата на Лозар на ЦИП Продукт, во продажбата на Белимбегово и на сите останати фирми што времето од 1998 до 2002 година кога Љубчо Георгиевски и Никола Груевски беа на власт, ги купуваа партиски луѓе, односно ги купуваше ВМРО-ДПМНЕ како политичка партија.

Се прашувам дали јавната правобранителка и во овој случај ќе излезе во заштита на интересите на Република Македонија и ќе побара расчистување на сите овие случаи околу продажба и приватизација во периодот од 1998 до 2002 година и други и дали во тој случај ќе побара одговорност од госпоѓата Кавракова,

заради тоа што од нејзината биографија се гледа дека била сериозен учесник во овие процеси, заради што реагирале и многу вработени во други фирми. Да биде финансиски директор на Царинската управа во време кога господинот Даравелски бил директор не е мала работа, ниту пак е мала заслуга. Сигурно добро заслужила госпоѓата Кавракова да биде наградена. Меѓутоа индикативно е тоа што во време кога госпоѓата Кавракова била корисник на редовната буџетска сметка на Царината, а тоа е кога против господинот Даравелски маше процес за кој беше обвинет за злоупотреба на службена должност и овластување, нешто што е омилено обвинение на оваа Влада, таа и покрај тоа што била потписник на редовната буџетска сметка, изјавила дека не знае на кој начин биле набавувани спорните возила. Како може човек кој бил надлежен и одговорен во финансиска смисла, за сметката на царината, да не знае што се случува во царината и заради тоа да не сноси никаква одговорност. И уште повеќе, заради тоа сега да биде ставена на чело на Комисијата за хартии од вредност. За тоа и верувам на госпоѓата Јанкуловска дека ваквата биографија на госпоѓата Кавракова навистина укажува на тоа дека госпоѓата Кавракова одлично ќе си ја заврши својата работа и својата улога која и е доделена од господинот Груевски, а тоа е да го покрие целиот криминал што оваа Влада го прави. Меѓутоа се надевам дека граѓаните на Република Македонија ќе ја сфатат лицемерната игра на оваа Влада и дека зад кампањите за борба против корупцијата и организиран криминал, со кој се етикетираат цели профили на професии без да се оддели чесниот дел од луѓето кои си ги вршат своите професии, туку да се етикетираат цели профили на професии, дека практично претставува параван со кој во јавноста ќе се создаде привид дека оваа Влада е декларирана и се бори против криминалот и корупцијата, а во позадина всушност се случува нешто друго, се случива и криминал, се случува и корупција, се случува и рекетирање, токму од истите луѓе, од Груевски и околината, токму од истите луѓе што вршат промоција на ваквата кампања.

Сакам да кажам дека борбата против организиран криминал и корупција не се сведува само на кампањи, туку таа треба да биде реална, не партиска, не селективна, меѓутоа со промоција на вакви кадри Владата само признава дека врши селективна борба против корупцијата, дека бира луѓе како госпоѓата Кавракова која ќе го легализира криминалот кој Владата го прави и бира луѓе кои ќе прикријат дека во Република Македонија се случуваат сериозни прекршувања на законот, се случуваат сериозни кршење на се она што ние го нарекуваме чесно работење од страна на Владата и други избрани и именувани лица, меѓутоа, за жал, Владата нема храброст да се соочи и да излезе исто така силно да зборува и да ги превенира ваквите дејанија заради тоа што тоа го прават нејзини членови, тоа го прават луѓето околу Груевски што Груевски се обидува да ги заштити благодарение на вакви партиски кадри поставени на вакви места. Заради тоа се надевам дека ако не е свесен господинот Груевски дека барем парламентарното мнозинство ќе размисли и ќе гласа против ваов кадар заради тоа што на тој начин парламентарното мнозинство ќе покаже дека еден од тие сто чекори кој вели дека ќе се бори искрено против организираниот криминал и корупцијата е сеуште на сила, дека не е само декларативен, дека борбата против организираниот криминал и корупцијата, иако се сведе на декларативност, нема да биде од никого признаена, меѓутоа никој нема да може да биде амнестиран од тоа. Како што се случи приведување на колективен орган, на управен одбор, така може да се случи приведување на колективен орган ако што е Владата на Република Македонија, до колку со вакви кадри се обидува да го задскрие криминалот кој го прави и рекетирањето на фирмите во Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодрам.

Три минути реплика господин Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпреседателе.

Типични говори се изнаслушавме за СДСМ.

Она што е уште во зародишот на социјалдемократијата напомнато дека социјалдемократите се спремни секој нивни пораз да го пренесат или да го претворат во победа или прикажувањето на поразот да го претворат во победа, е и ден денес присутно кај СДСМ.

Јас на колешката би и препорачал да ја прочита книгата "Мојата војна", ќе се најде себе си таму и ќе ги најде мисленьата на СДСМ каде што и ден денес и во спортот, за жал и во општественото живеење во Република Македонија, секогаш наоѓаме некои други виновни. Значи ние ја изгубивме утакмицата затоа што судијата не беше на нашата страна. Тоа се размислувањата на СДСМ.

До колку госпоѓата Кавракова во претходниот мандат имала кривични дејанија, беа на власт и можеа слободно да поднесат кривична пријава и судските органи можеа тоа да го спроведат и да ја осудат. Јас би рекол, еве денес ќе и дадеме шанса повторно, па до колку СДСМ се одлучат да ловат некого, како што го ловеа и бившиот секретар Љупчо Поповски, нека и залепи раката и нејзе, па нека ја ловат. Ние сме подготвени, сите оние кои се склони да прават одредени кривични дејанија, да одговараат. Затоа би напомнал дека оваа Влада не само да се залага, туку и во целост ги спроведува одлуките, поточно програмските определби за борбата против организираниот криминал и борбата против општо криминалот во Република Македонија.

Инаку, би се навратил на она што беше минато и ќе напомнам дека освен господинот Амди Бајрам кој имаше единствено организиран криминал за СДСМ, во нивното владение не смогнаа сили да уловат ниту еден друг кој се занимавал со организиран криминал. Ова за жал е организираниот криминал на господинот Амди Бајрам што го даде голот со пета.

Вториот беше господинот Љупчо Поповски, кој, нормално, ви сметаше, па го наместивте и еве заврши како што заврши.

Јас би напомнал дека она за што ВМРО-ДПМНЕ во дадениот момент се залага е точно тоа баш околу професионализацијата и околу она што е моќта на поединецот правилно да расудува и размислува за своето работно место, за обврските и одговорностите кои му припаѓаат. Така што, сметам дека и госпоѓа Каврakова максимално ќе си ја исполнува својата улога.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Да ве потсетам на Ламбе, Војо, Даравелски, Станинов и тн., меѓутоа мислам дека е беспредметно да полемизирам со пратеник кој хитлеровата маинкав ја држи под перница.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика господин Илија Димовски.

**Илија Димовски:** Благодарам потпретседателе.

Прво да почнам од последното.

Лидерката на опозицијата, Радмила Шекеринска, во едно свое предконгресно интервју го обвини поранешниот лидер на СДСМ Владо Бучковски, за коалицирање соп Љубчо Георгиевски. Значи тоа е работа што треба СДСМ да си ја расчистат. ВМРО-ДПМНЕ, за среќа одамна расчисти со тие дилеми. ВМРО-ДПМНЕ за разлика од СДСМ многу успешно се реформираше во претходните неколку години. Кога ќе успее тоа СДСМ да го направи, веројатно и јас, иако сум еден од најмладите, ќе бидам многу стар за да го видам. Колешката Славица треба да знае дека Хитлер по убедување бил левичар, социјалист, да му помогнам на Цветко, веројатно не се докажа. Друго ми беше поентата. Да бидеме начисто.

Во Република Македонија до сега немало борба против организираниот криминал и корупцијата. Факт е дека оваа Влада е прва Влада во Република Македонија која отвори битка против организираниот криминал и корупција. Факт е дека на поедини центри на моќ, било во политичката елита, било во бизнис елитата, не им одговара таквата битка против организираниот криминал и корупција.

Меѓутоа, ќе повторам дека до моментот додека се води интензивна борба против организираниот криминал и корупција, оваа Влада ќе ја има поддршката од граѓаните која што ја има во моментот, не треба да ги кажуваме јавно, веројатно госпоѓицата Грковска многу добро знае колкава поддршка ужива оваа Влада. Значи до тој момент оваа Влада ќе ја ужива поддршката од граѓаните. Немојте да мислите дека со одоговлекување на дискусиите, со кочничарење во Собранието, со по неколку илјади амандмани по било каков закон, со организирање на било какви активности во Собранието и надвор од Собранието дека ќе ја нарушите намерата на ВМРО-ДПМНЕ и на оваа Влада да се справи конечно со тоа зло кое што владее со Македонија 16-17 години.

Не би сакал да навлегувам во тоа кој е корумпиран, кој не е корумпиран. Тоа се базира најмногу на субјективно мислење. Меѓутоа, госпоѓице Грковска граѓаните на Република Македонија, оние што секој ден ги сретнуваме на улица, оние што секој ден не гледаат на телевизија, најдобро знаат кој е и колку е корумпиран во Република Македонија. Немојте да мислите дека е исто како во 1994 година кога можевте да ги лажете било што. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Господине Илија, јас не сум убедена дека одамна сте расчистиле со Љубчо Георгиевски, затоа што не слушам коментари од страна на Груевски дека не се согласува со неговата политика. И уште повеќе, ги вративте сите кадри од името на Љубчо Георгиевски и во управните одбори, и сега со последното решение, ги вративте и ги рехабилитиравте сите кадри, најблиски соработници на Љубчо Георгиевски.

Тоа што лично него не го вративте, со ваквите потези што ги влечете практично не значи дека сте расчистиле со него, туку напротив дека сте силно поврзани со политиката на Љубчо Георгиевски.

Што се однесува до борбата на организираниот криминал и дека досега немало апсолутно не е точно. Да ве потсетам само дека Михајло Маневски беше тој што го заштити Никола Груевски и благодарение на тоа стана сега министер за правда, заради тоа што го заштити и го покри криминалот на Никола Груевски во претходниот мандат. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Три минути процедурално за господинот пратеник Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам.

Само една минута ќе потрошам.

**Иван Анастасовски:** Се извинувам, да кажете во што е процедурата прекршена.

**Борис Кондарко:** За една минута се ќе кажам.

Процедурата е во тоа што одредени пратеници од ВМРО-ДПМНЕ во расправата даваат квалификации за книгата на Адолф Хитлер, за идеологијата, левица, десница, некои историски, не знам, идеолошки предавања ни држат овде.

Само сакам да го потсетам почитуваниот колега дека неформално по ходниците неговиот лидер самиот си го нарекува фирерот.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам, тоа не е процедурално. Воопшто не е процедурално.

(Некои пратеници бараат збор процедурално)

Кој бара збор процедурално?

(Пратеникот од место се јавува дека бара збор, процедурално)

Да слушнам и од вас.

Три минути за пратеникот Цветко Грозданов, да видам во што е процедурата.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателе.

За изнесените невистини ќе го повикам господинот Кондарко да се извини пред целата македонска јавност, затоа што не може да го докаже тоа што го кажа ...

**Иван Анастасовски:** Се извинувам, во што е процедурата?

**Цветко Грозданов:** Процедурата е со вас господине потпретседателе. Процедурата е во тоа што вистината не треба да ги вреѓа луѓето.

Она што јас го кажав во однос на книгата која што е напишана нека ја прочитаат, ќе се најдат себе си.

(Реагирање на пратениците во салата)

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Колега Димовски, вие барате збор процедурално.

Три минути процедурално за пратеникот господин Илија Димовски.

Повелете да видиме во што е процедурата.

**Илија Димовски:** Потпретседателе, јас вас ќе ви се обратам, немам намера со било какви личности тука да полимизирам.

Во Деловникот пишува прецизно во еден член кога се дава процедурална дискусија. Вие му дозволивте на господинот Кондарко една минута да реплицира на двајца претходни дискутанти од ВМРО-ДПМНЕ. Не навлегувам во содржината, јавноста доволно го знае стилот на господинот Кондарко, не навлегувам во содржината, меѓутоа....

**Иван Анастасовски:** Во што јас ја прекршив процедурата?

**Илија Димовски:** Не смеете да дозволите преку процедурално некој да дебатира содржинска работа...

**Иван Анастасовски:** Тоа ќе го направам во моментов, веднаш.

**Илија Димовски:** А посебно потпретседателе повторно да користи недолични зборови за своите колеги.

**Иван Анастасовски:** Веднаш ќе ви одговорам.

Јас морам, како што кажа според Деловникот пратеникот кога ќе побара збор процедурално, да му дадам збор. Значи, тука сакам вас да ве исправам. Веднаш штом ќе побара процедурално да му дадам збор. Тоа го направив. Му го одземав зборот бидејќи видов дека воопшто процедурата во ниеден момент не беше повредена. Тој се обраќаше на вас и на уште еден дискутант претходно и затоа тоа го направив. Ви дозволив и на вас исто, меѓутоа гледам дека и дел од вас истото тоа го направивте.

(Некои пратеници се јавуваат за збор процедурално)

Три минути процедурално за пратеникот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе,

Во име на пратеничката група мислам дека треба малку да се потсмират страстите и врз основа на член 79 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија барам половина час пауза.

**Иван Анастасовски:** Половина час пауза.

(Пауза од 15,50 часот)

(По паузата седницата продолжи во 16,36 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата ќе продолжиме со работа.

Ги молам колегите да седнат на своите места продолжуваме со работа.

Би ги замолил службите да ги затворат вратите од салата.

Колеги ќе ве замолам за тишина, седнете на вашите места.

Има збор госпоѓа Валентина Божиновска, повелете.

Се извинувам колеги ако може да се сослушаме.

Тоа можете и надвор да го направите. Ве молам да обезбедиме мир во салата, само сакам да апелирам, бидејќи за тоа беше паузата ако може колеги да се држиме за точката на дневниот ред и до предлогот за претседател на Комисијата, а да не спомнуваме други личности. Повелете.

**Валентина Божиновска:** Благодарам почитуван потпретседателе, уважени колеги пратеници,

Мислам дека би требало малку да ги симнеме страстите околу денешнава дискусија, бидејќи овој вакум кој ни се случува по оставката на професор доктор Весна Пендевска не оди во прилог ниту на Владата ниту на мнозинството, ниту на опозицијата, бидејќи знаеме дека тектонски се случуваат многубројни работи на берзата и би било добро оваа значајна Комисија за хартии од вредност и нејзин претседател кој беше и тоа како доблесен да си поднесе оставка. Оставката ја имаме добиено тука во мај, доставена е до Собранието, а нешто пред тоа многу ревносно од претседателот на Комисијата госпоѓа Весна Пендевска имаме доставено Извештај за работата на Комисијата за хартии од вредност за 2006 година.

Пред да почнам со аргументи и факти, бидејќи навистина мислам дека денешната дискусија имаше малку повеќе фалш интонација, многу навреди, многу дисквалификации на лично име

на госпоѓа Марина Наќева Кавракова, но и нешто друго. За тоа ќе зборувам подоцна за нешто што значи осуда и пресуда на една личност.

Дозволете ми најпрвин, очекував тоа да го направи мнозинството, да се заблагодарам на госпоѓа професор доктор Весна Пендевска која си ја работеше својата работа, но и на стручниот кадар кој овие години таа го оформуваше, го правеше, согласно мониторингот на Светската банка. Тие имаа доста и стручни квалификации така што оваа Комисија за хартии од вредност замина и тоа никој не го спомна на тренинг центрите во Дубаи, во Виена, во Берлин каде се здоби со високи квалификации итн.

Но, дозволете колеги за денешните дисквалификации кои, според вас, директно ги упативте на личноста Марина Наќева Кавракова.

Вашата методологија на осуда на тројца - четворица говорници според мене беше ужасна, гротексна пред се затоа што говориме за личност кој е државјанин на Република Македонија независно од тоа со каква лична биографија ни е доставена како предмет на разгледување како претседател на Комисијата.

Она што е значајно дека оваа Комисија, согласно Законот за спречување на перење на пари не само што врши надзор над АД на Берзата, на берзанските друштва, воопшто на инвестиционите фондови во Република Македонија пораката која ја даде госпоѓа Весна Пендевска беше многу поголема од интонацијата која СДСМ денеска ја дава. Тоа е следното: ако успееме со влогови директно од Владата, со добра анализа на меѓународните институции кои се занимаваат, а ние сме рамноправна членка од 1994 година ќе можеме да ја кренеме на таков степен оваа Комисија да стане рамноправен член на секоја влада, на оваа и идна влада да помогне во директните инвестиции кои треба да доаѓаат како императив на оваа Влада, а се надевам и на сите други влади.

Сега би сакала нешто да демантирам и ја молам македонската јавност, особено печатените и електронски медиуми тоа добро да го забележат.

Ја набедуваме граѓанинот госпоѓа Марина Наќева Кавракова за три работи:

Првата работа е дека била лично одговорна за приватизацијата на ЦИП Продукт. Мојот драг и почитуван колега господинот Најдовски сосема во право кажа дека согласно некакви решенија од Агенцијата за приватизација. Ве убедувам во едно, бидејќи јас имам одговорност како тогашен пратеник која гласав за многу работи да ви напоменам дека единствено нешто во времето кога госпоѓа Марина Наќева Кавракова од 4 декември беше разрешена како финансов директор на Царината до 1 или 2 мај, не држете ме за збор, имаше само една обврска да го врати решението и да го преиспита, согласно притисоците, ако се сеќавате, што се случуваше со синдикалците во тој момент.

Одиме по ред. Доблеста беше да се преиспита. Ужасно е што јас во овој момент ќе споменам име, но потписот на приватизацијата на ЦИП со Лозар беше од госпоѓа Марија Јовановска во времето на широката коалиција. И добро е. Што беше добро, во овој момент ние како пратеници да ги имаме решенијата и тука, бидејќи сега во овој момент Марина Кавракова може да тужи за клевета и тоа е страшно. Да ги имаме затоа што тема на разговор е извештајот, можеме да разговараме за извештајот, не можеме да разговараме за оставката на госпоѓа Весна Пендевска бидејќи таа во согласно законот кој е донесен ноември 2005 година си поднесува оставка пред рокот. Значи Пендевска го потпишува во времето на широката коалиција и доколку ме држи мене помнењето како пратеник, тоа беше од кадарот на господинот Борис Стојменов.

Втората работа која сакам да ја полемизирам со моите драги и почитувани колеги тоа е кога беше директор во Царинската управа. Значи, почитувани колеги, јас се уште тврдам од ова место и секогаш ќе полимизрам со вас дека на Далаверски му се пресуди, не го осудија. Значи му пресудија. Во тој период госпоѓа Марина Кавракова не беше директор. Тоа се случи веднаш по нејзиното заминување од 4 декември, тоа е прва работа.

Второ, ако се сеќавате за автомобилите кои одеа во локалната самоуправа, сметам дека е преседан кривичната пријава и до ден денес на господинот Далаверски. Преседан е човек кој што помага на МАНУ и дава на локалната самоуправа автомобили да ја има таа кривична пријава значи тоа се случи во периодот и тоа беше со одлука на влада. Тоа е вториот мој контра аргумент до моите драги колеги од опозицијата.

Трета работа со која денеска ќе демантирам тоа е дека била партиски член. Значи, јас сега сум веќе од повозрасните, но бидејќи сум била и на привиот митинг на ВМРО, кога имаше еден преубав дожд, госпоѓа Марина Кавракова никогаш не била во редовите на ВМРО-ДПМНЕ, да така е во поделбата на партијата таа беше трета на листа кај партијата на госпоѓа Доста Димовска, но внимавајте согласно членот 183 од Законот за хартии за вредност, тоа е дека и во однос на биографијата ќе ве демантирам, она нема прво да покажува единствено имаме прво да и побараме да има високо образование, да работела во делот на економијата и да не е член на органи на политичка партија. Тоа значи, извршен, централен, Унија на жени, Унија на млади сили, таа била трета на листа кај госпоѓа Доста Димовска, не добила, работела како експерт во Царината. Но, зошто, не гледам зошто овој момен не споменува никој еден аргумент. А тоа е следното: дека жената и тоа како работела со финансии, еве не говорам дека била во времето на Царинската управа она беше генерален директор на Агенцијата за приватизација, само 6 месеци. Но никој не спомна дека во ваше време е член на Советот на Народна банка на Република Македонија кај господинот Петар Гошев, а што е ако не правела

надзор над банките итн. Не работеле со хартиите од вредност. Според тоа, многу е непријатно, внимавајте, за една ваква Комисија која во иднина треба да прерасне во сериозност и големо тело, повторно велам да се стручно усовршува понатаму особено кадрите кои треба да доаѓаат и на која повика вашиот кадар, се надевам, госпоѓа Весна Пендевска да ги анулираме нејзините зафати кои она ги има првено.

Она што професор Пендевска деновиве ни укажува тоа е на зголемата транспарентност на Комисијата за хартии од вредност. Тоа значи дека во нејзино време таа и вработи еден човек која работеше со медимуите, ние имавме одредени информации како работи таа Комисија, но мислам дека навистина во иднина тој кадар, госпоѓа Марина Наќева Кавракова ќе мора многу потранспарентно па и да го известува Собранието иако согласно законот таа извештаи треба да дава ми се чини, два пати во годината. И она што денеска го напавивме е тоа што ние ја пресудивме и пресудивме дека жената е криминалец и дека жената е криминогена во тоа време и овде согласно не знам која алинеја да кадарот кој ќе биде предложен за претседател не е осудуван за кривично дело за период од 5 години пред изборот и тоа е почитувани колеги страшно.

Ние сега треба да потпишеме еден меморандум сериозен меморандум кој следува и ќе влеземе во меѓународната организација на хартиите од вредност. Согласно тоа еден од вторите политички критериуми на Европската комисија се точно економските критериуми и навистина ние имаме усогласувања на Законот за хартии од вредност 2005 и 2007 година. Според тоа, мислам дека денеска, денешната дебата треба малку да ја симнеме, треба да не правиме лични пресуди оти тоа е страшно, јас не знам со каков авторитет жената сега ќе појде таму и согласно она што го има донесено госпоѓа Пендевска, ќе треба да има стручен кадар, ќе треба да го обновиме кадарот, ќе треба да имаме конкурси сега имаме двајца комисиони вработени итн. Но, сакам да ве потсетам на уште еден момент, а тоа е дека во вашата кампања, бидејќи јас бев втора во изборната единица 3 во еден од медиумите господинот Никола Поповски укажува и ја изговара оваа реплика: “ќе го вратиме и ќе ви го вратиме Лозар”. Значи, ние не ветувавме, зошто потребата на тие луѓе да им се изговори таква реченица и вие сега, помладиот кадар да имате чувство дека целосната приватизација за која директно е одговорна СДСМ ја ставивте на колена да мора младите кадри на СДСМ сето тоа да го ставаат на страната на ВМРО-ДПМНЕ. Дали беше така на една од кампањите дали беше таа реченица така изговорена. Значи, пазете тоа беше времето на широката коалиција и потписот е од госпоѓа Марија Јованова.

Понатаму, мислам дека кога ја имате грижата на совеста од типот Скопски Пазар, Технометал, Алумина, Порцеланка, Фершпед е страшно да зборувате за овој миг за Лозар. И повторно ќе речам, товарот на лидерите не го носи младиот кадар на едната или на другата партија, товарот го носат тие што тоа во тој период го направиле и ако се сеќавате најголемиот извоз на пари од Македонија и резултатот на стечајците што седат овде не е на ВМРО-ДПМНЕ не е ни на СДСМ, туку на поединци. Најмалку е на Кондарко, на Славица Грковска и на Јани Макрадули. Затоа кога говори Игор Ивановски кога беше пратеник, а беше и советник во кабинетот на Бранко Црвенковски. Морал да седне со Бранко Црвенковски и да го праша како се правеа овие приватизации. Овие стечајци се дел од македонските пари кои заминаа во Србија, затоа оваа Комисија за хартии од вредности ќе има регулаторна моќ на тоа дали еден ден ќе имаме директни странски инвестиции и ќе можеме конечно економијата да ја застанеме на нозе, бидејќи не може секогаш на ВМРО-ДПМНЕ или ВМРО Народна да бидат одговорни за се. Затоа, ве молам, внимавајте со политичките флоскули со кои говориме. Тоа е опасна работа. Да сум јас Марина Наќева Кавракова, во овој момент ќе поднесам тужба за клевета. Тоа не е пријатна работа.

Понатаму, она што го имаме добиено како извештај од Комисијата од хартии за вредност е дека во иднина таа ќе може да опстои единствено ако има кадровска екипираност. Ние тоа го имаме во однос на Европската комисија која ни го препорачува. Останува еден сериозен меморандум да се потпише, сега мислам оваа година е, дали во Кина или на друго место, не ме држете за збор, но јас навистина во овој миг сакам да престанеме и да се вратиме на една политичка, автентична култура, господа пратеници и никогаш однапред никого не треба да осудуваме, бидејќи сум била сведок на осуди на некои луѓе на кои без судско решение веќе им е пресудено.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за господин Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседателе.

Госпоѓо Божиновска, со сета почит и кон вас и кон госпоѓата Марина Наќева Кавракова, која воопшто не ја познавам.

По однос на тоа што мене прво ме спомнавте и случајот Лозар и кажавте дека изнесувам невистини.

Јас секогаш зборувам со аргументи. Оваа информација од Агенција за приватизација на Република Македонија, изработена на 8 септември 2002 година, ВМРО-ДПМНЕ е на власт, доставена до Собранието. Јас никогаш не зборувам на памет. Ако ова е грешно јас секогаш сум подготвен да се извинам, но ова е во времето на ВМРО-ДПМНЕ. Во неа пишува следното: “Врз основа на бодирањето, со решение број 09-2543/2 од 27.04.2001 година на директорот на Агеницијата Марина Наќева

Кавракова, како најповолен понудувач е избран ЦИП Продукт Охрид".

Понатаму, со решение 092589/1 од 03.05.2001 година, директорот на Агенцијата Марина Наќева Кавракова го поништи претходното решение од 27.04.2001 година, со образложение за преиспитување на спроведената постапка за донесување на решение за избор на најповолен понудувач.

Трето, по извршеното преиспитување на постапката за избор на најповолен понудувач, а врз основа на записник од Комисијата број 092968/1 од 18.05.2001 година, директорот на Агенцијата Марина Наќева Кавракова, со решение број 092968/2 од 21.05.2001 година, повторно е избрана понудата на ЦИП Продукт Охрид како најповолна за купување на Лозар Битола.

Што лажев јас. Јас го читав она што го доставила, кога ние не бевме пратеници, Владата на Република Македонија преку Агенцијата на Република Македонија за приватизација, до Собранието на Република Македонија, до тогашниот претседател на Собранието, господинот Стојан Андов.

Оваа информација никогаш не дошла на дневен ред, од кои причини не знам.

Ве молам, ако ова овде е грешно, тогаш јас сум подтовен да се извинам, но јас верувам на документи од официјална државна институција. Јас воопшто немам намера да ја навредам госпоѓата Кавракова Наќева Марина, но јас зборувам со факти.

Што после се случуваше со Лозар, во една друга прилика кога овде ќе седнеме и немојте да мислите дека приватизацијата е за време на широката коалиција. Ова е тогаш направено. Но не е сега моментот.

Јас ќе повторам, кажувам она што е од официјален орган на државата, кога ВМРО-ДПМНЕ биле на власт. Воопшто тоа не сфаќам сега да импутираме лево или десно, но со оглед на тоа што ме повикавте. Ако Агенцијата дала погрешна информација во ова Собрание, тогаш нека се бара одговорот во Агенцијата. Инаку се ова е напишано тука.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика госпоѓа Валентина Божинвоска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Благодарам потпретседателе.

Јас добро побарав во архивите на Собранието. Бидејќи тогаш бев пратеник, на едно се сеќавам одлично. Се сеќавате на синдикалците и на притисокот што го правеа. Тогаш знам едно дека улогата на Марина беше ревидирање на договорот, согласно законот Агенцијата за приватизација, одлуките ги носи претседателот на управниот одбор. Тоа што е крајната одлука за Лозар, тогаш ќе мораме да ги побараме документите, па ние интерно ќе си седнеме во кафе клубот и ќе поразговараме. Колку што јас знам претседател беше господин, не ме држите за збор да не го погрешам презимето, господин Јуруковски. Значи сега е можно, да не ни се нарушат алтерегата и на вас и на нас, господине Најдовски, тоа треба добро да го провериме. Значи, можно е да сум јас во грешка, можно е вие, но за релевантни во тој период кога вие кажувате Марина не е директор на Агенцијата.

Во секој случај благодарам, но во тој период таа не е директор.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Сосема на кратко да дополнам нешто што мислам дека колешката Божиновска пропушти, а тоа е дека покрај тоа што госпоѓата беше на листата на изборната единциа 1, на Демократско републиканската унија на Македонија, истата е и член на Извршниот комитет.

Со соопштение кое друг го испрати до медиумите, како еден од членовите на Извршниот комитет, се споменува и Марина Наќева Кавракова, со што паѓа во вода тезата дека се работи за непартиско решение што не била член на некој извршен комитет. Бидејќи госпоѓица Доста Димовска да стане амбасадор за култура, културно аташе во Бугарија, за жал, и Горан Рафајловски да добие да биде претседател на управен одбор, ДРУМ помина во ВМРО-ДПМНЕ, видовме на прес кнференција со насмеани лица и Груевски и Димовска и остана третиот човек од ДРУМ да се удоми, а тоа е Марина Наќева Кавракова, член на Извршниот комитет на оваа партија, која влегувајќи во ВМРО-ДПМНЕ, јасно е дека имала висока партиска функција.

Ако се погледне извештајот од Европската комисија каде се укажува на забелешките на пазарот за хартии од вредност и ако се прочита Националната програма за усвојување правото на Европската унија, ќе се види дека по директивите и по нашиот закон такво нешто не е можно.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеник госпоѓа Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Благодарам потпретседателе.

Ние имаме усогласување на законот од 2005 година и, која година според која беше професор госпоѓа Пендевска на седум години назначена, но господине Јани Макрадули има еден прекрасен кадар од СДСМ, а одговорно тврдам од тука дека е добар, стручен одговорен кадар и таа жена се вика Весна Борозан. Таа жена е ваш кадар, ваш пратеник и сега е амбасадор во Виена. Јас деновиве комуницирав, како претседател на Комисијата за соработка со Јапонија и јас упорно тврдам дека таа е одличен кадар.

Госпоѓа Марина Наќева Кавракова која била во партијата на Доста Димовска, таа партија веќе не

постои. Но она што ревносно ги прашав колегите од ДПМНЕ е дека во меѓувреме пак не станала член на ДПМНЕ. Значи такви шпекулации да правиме дека овој станал амбасадор и тн., навистина е непријатно. Повторно велам, пресудите и осудите се непријатна работа.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Колешке Божиновска одбивам во вашата дискусија да прифатам дека досегашните дискусии од страна на пратеници од СДСМ беа, макар и во еден момент, насочени кон личноста на госпоѓа Кавракова, апсолутно и тука немате право од говорницата, да ја користите говорницата и да наведувате дека било кој од нашите пратеници се упатил директно кон личноста на госпоѓа Кавракова.

Да ве потсетам, очекував од вас да изреагирате на она што се вика колективна одговорност која за прв пат во Република Македонија беше промовирана токму од оваа Влада, промовирана од Георгиевски, кога сите на телевизија видовме како во еден момент е уапсен целиот Управен одбор на ОХИС од Скопје. Тоа е колективна одговорност. Токму заради тоа, ние сметаме дека предлагањето на госпоѓа Кавракова на вака висока сериозна функција е уште еден обид да се партизираат државните институции. Знаете зошто е тоа така? Заради тоа што токму госпоѓа Кавракова била поранешен началник на Одделението за внатрешни истраги во Царината, советник во кабинетот на Даравелски, за што постои истрага, за што господинот Даравелски има заработено, значи очекуваме да го вратат органите на прогонот за да одговорат за евидентни криминални дејствија во Царината, токму кога дотичната госпоѓа која сега треба да биде промовирана во нов директор на Комисијата за хартии од вредност, заедно со него работела. Немала одговорност? Тогаш госпоѓа ожиновска, до колку имате доблест, излезете од оваа говорница и прашајте дали колективната одговорност промовирана од Никола Груевски, во поглед на сите пет члена на Управниот одбор кои сеуште се во притвор, треба да поднесат еднаква одговорност. Ако ние тоа аршинот во судењето, тогаш дозволете, за нас е неприфатливо партиското решение што го нуди како предлог оваа Влада пред нас и се вика госпоѓа Марина Наќева Кавракова, да раководи со Комисијата за хартии од вредност. Комплетна партизација, како што впрочем и минатите 12 месеци апсолутно во сите сегменти од општествениот живот. Значи во државната администрација, спорт, невладин сектор, буквално секаде ВМРО-ДПМНЕ и нивните коалициони партнери партизираат по секој основ и на секое ниво. Ние сме против тоа.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика пратеник Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Мене ме потсеќате јас кога бев во 1998 година пратеник и кога не знаев зошто толку многу непотребно се запенувам.

Значи кога била во периодот во Царината, во тој период има ревизорски извештај, независен ревизорски извештај. Можете госпоѓа Бендевска да го погледате, да видите кој во кој период бил во финансии. Значи, ве убедувам дека жената не била, јас не сум адвокат на госпоѓа Марина но ве убедувам.

Втро, овие луѓе овде што ги гледате дека не ја познаваат, луѓето од ДПМНЕ, немате право на тоа.

Трето, ние различно полемизираме, ние сме различно ниво, како да ви кажам. Замислете еден ден Бранко Црвенковски да потпише за мене да бидам амбасадор во Словенија. Дали тоа би го направил? Што мислите? Јас мислам не.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Збор има господин Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Јас би потпишал за вас госпоѓа Божиновска да отидете амбасадор, од срце, искрено.

Почитуван потпретседателе, драги колеги пратеници, почитуван заменик министер. Јас не играм на берза. Со хартиите од вредност немам големо искуство и немав намера да дискутирам денес, меѓутоа почен од една интересна седница, денес научив дека Адолф Хитлер е социјалист, утре ќе научам нешто друго, бидејќи секој ден овој Парламент со нешто ме изненадува.

Искрено да кажам јас оваа госпоѓа не ја познавам. За неа дознав од весници и од телевизиски инсерти, исечоци каде истата дотична госпоѓа Марина Наќева Кавракова беше посочена како можен учесник или инспиратор или креатор на одредени финансиски трансакции и дејанија. Слушајќи ги моите поранешни колеги од партијата и сегашни колеги од Парламентот, од СДСМ, од една страна ми се отворија некои нови слики дека навистина оваа госпоѓа со своето работење, сакајќи или несакајќи, направила одреден вид криминал. Од друга страна, слушајќи ја мојата почитувана госпоѓа колешка Божиновска, која упорно ја бранеа, верувам дека не сте во никакво сродство, испаѓа дека жената е чиста како Исус Христос.

Сега мене ми се поставува едно прашање и вие го поставивте тоа прашање госпоѓо Божиновска, со кој авторитет оваа госпоѓа утре ако ја избереме веројатно, бидејќи мнозинството има желба, ќе ја врши оваа работа. Тоа мене ме чуди. Тоа е една работа.

Втора работа, рекоа дека немало притисок врз госпоѓа Весна Пендевска, за што јас сум сигурен дека има и тоа во последните шест месеци и те како, затоа што дефинитивно се врши притисок на се што е непартиско, независно и квалитетно во Република Македонија, не само сега и порано. Меѓутоа тоа е веќе можеби за некоја друга седница.

На крај, идејата ми беше да кажам следното.

Мое размислување, почитуван потпретседателе е тоа што непристојно е и непријатно е една госпоѓа, не можам да тврдам дека направила криминал, затоа е судот и веројатно во право се колегите од ВМРО-ДПМНЕ што велат зошто со правосилна судска постапка не го средивте тоа во последните четири години. Меѓутоа едно знам после толку зборување, по мене сепак најдобро би било да го повлечете овој предог и бидејќи може некој да тужи за клевета, а гледајќи деновиве како се довиваат судски пресуди, да го предложите господинот Смиленски, бидејќи тој има подобро познавање на хартии од вредност и најверојатно, бидејќи толку добро ги брани интересите на Република Македонија, заедно со Љубе Трпевски, да биде тој директор на Комисијата за хартии од вредност. Мислам дека посоодветно решение не може да има. Сега сфатете го можеби тоа како шега, меѓутоа бидејќи градиме држава во која на сите секојдневно ни е полна устата со Европска унија и НАТО, а со начинот на кој работиме, односно не работиме последните неколку месеци, не НАТО, нас нема во афричка унија да не примат. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе.

Се разви навистина по оваа точка голема дебата и мислам дека оправдано е да се развие ваква дебата затоа што парите како што знаете го вртат светот, а оваа Комисија има огромна надлежност во светот на парите.

Пред да почнам со елаборација околу мојот став за предлогот кој што ни е понуден од Владата на Република Македонија, би сакала од оваа говорница да изразам благодарност на професорка д-р Весна Пендевска за досега успешно обавената работа како претседател на Комисијата за хартии од вредност, затоа што сметам дека нејзиниот период како претседател на оваа Комисија ќе биде врежан или запамтен во историјата на развојот на ова регулаторно тело, затоа што во нејзино време беше донесен закон, кој што беше усогласување со европското законодавство и со стандардите и секако во соработка со Светска банка и дека во периодот по донесувањето на законот 2005 година, до моментот на поднесување на оставка, нејзина оставка, таа направи многу во поглед на јакнење на капацитетите на ова самостојно регулаторно тело.

Почитувани колеги, јас немам ништо против, против госпоѓата Марина Наќева Кавракова, затоа што јас воопшто не ја ни познавам како личност, но гледајќи го она што ни е понудено од страна на Владата на Република Македонија, како и кратката биографија која што ни е доставена, а читајќи ги одредбите од Законот за хартии од вредност, кои што ја регулираат оваа материја, пред мене, прво како правник, а потоа како пратеник, се поставија три клучни прашања.

Првото основно прашање кое што се покрена пред мене и кое што навистина не ми дава да притиснам копче, со кое што би ја поддржала оваа госпоѓа е прашањето дали госпоѓата Марина Накова Кавракова ги исполнува условите за да биде избрана за претседател на оваа важна Комисија.

Условите за избор, кои што треба да ги исполнува кандидатот за претседател на Комисијата за хартии од вредност се утврдени во членот 183 и таму во ставот 3 таксативно се наведени кои услови треба да ги исполнува кандидатот за да биде избран за комисионер, односно за член на Комисијата, а следствено на тоа секако и за претседател. Два од тие услови се, покрај останатите кои што претпоставувам дека останатите ги исполнува госпоѓата Кавракова е да е експерт од областа на финансиите и деловното право и да не е член на органи на политичка партија. Кога би била член на комисија која би ги селектирала документите, за дали кандидатите ги исполнуваат овие услови, јас оваа госпоѓа би ја одбила затоа што сметам дека госпоѓата Марина Наќева Кавравова, барем според биографијата, можеби има нешто што јас што не знам, она што го гледам, мислам дека таа не ги исполнува условите од ставот 3 на членот 183 точка В, а тоа е експерт од областа на финансиите и деловното право.

Почитувани колеги, ако се вратите малку наназад од 1992 година, ако не се лажам, од кога е основано вакво регулаторно тело, само со еден исклучок сите претседатели на оваа Комисија биле познати експерти и признати експерти од областа на финансовото и деловното право. Имаме само еден исклучок, а тоа е 1999 мислам година, кога тогашниот министер за финансии, сегашен премиер, беше избран за претседател на оваа Комисија и сега повторно кога се предлага госпоѓа Марина Наќева Кавракова за претседател на оваа Комисија, без да имаме потврда дека таа е експерт од оваа област. Значи како правник, според мене, овој услов не е исполнет, овој услов не бил исполнет и во едно поранешно време и секогаш се случува во времето кога ова мнозинство е на власт.

И, сега како човек, и како пратеник, како политичар, не ми останува ништо друго само да заклучам дека во време кога ова мнозинство доаѓа на власт, практично со грубо кршење на законите се сака да се стави рака и на независните тела кои што Република Македонија со мака ги формираше, ги градеше, ги гради и ги јакне капацитетите.

Вториот услов кој што не го исполнува госпоѓата Марина Наќева Кавракова е да не е член на орган на политичка партија.

Почитувани колеги, од она кое што јас овде успеав да го набавам како податок е дека Марина Наќева Кавракова била кандидат во изборите за пратеник во Изборната единица 1. Марина

Наќева Кавракова била член на Извршниот комитет на партијата ДРУМ, на госпоѓата Доста Димовска. Марина Наќева Кавракова напредувала, ако го видите целосно нејзиниот бег граунд, значителен напредок во нејзината кариера добива во времето кога ВМРО-ДПМНЕ бил на власт и не е лесно да се заклучи дека Кавракова, не зборувам за нејзините квалитети, можеби таа е навистина многу стручна, но таа не ги исполнува и условите од член 183 став 3 точка Г. Значи, дека Марина Наќева Кавракова е близок кадар на господинот Груевски, како што и овде имам едно писмо во времето кога господинот Груевски бил министер за финансии, а таа директорка на Агенција за приватизација.

Зошто го велам ова почитувани колеги,

Го велам затоа што мене не ми смета Марина Наќева Кавракова ако е ескперт и ако е добар стручњак да биде претседател на ова многу значајно регулаторно тело. Го велам затоа што Законот од 2005 година, кога го донесувавме, јас тогаш бев претседател на Законодавно-правната комисија и соработувавме заедно со досегашната претседателка при изработката на решенијата и тогаш кажавме дека ова тело е многу важно. Ова тело го регулира пазарот на капиталот. Светска банка бара професионализација на членовите на ова тело. Европската унија бара слобода на пазарот на капитал. Зошто сега фрламе црно петно на Комисијата кога се сомневаме дека оваа госпоѓа, повторно повторувам, не ги знам нејзините квалитети дозволуваме да биде поставена на една ваква позиција каде што ќе имаме замерки можеби заради политизација на ова тело и од меѓународните финансиски институции.

Следствено на овие мои дилеми си поставив уште едно прашање. Дали со кандидирањето од страна на Владата на оваа госпоѓа која што е блиска до политиката на ВМРО-ДПМНЕ е директно удирање на темелите на независноста на ова регулаторно тело, затоа што согласно член 181 Комисијата за хартии од вредност е самостојно и независно регулаторно тело со јавни овластувања утврдени со закон.

Дали поставување на ваков висок профилиран политички кадар на вакво независно тело значи во иднина независност на Комисијата за хартии од вредност.

Според мене не, никако. Според јавноста секако никако, а според меѓународните институции кои што се бават со пратење на состојбите во оваа област на нашата држава верувајте дека ќе го видиме наскоро со нивни реакции, затоа што не смееме да дозволиме партизација со поставување на наши, ваши партиски членови на вакви тела. Вие сте можеле да изберете некој друг што е помалку поврзан со вас, сепак близок но да нема вакви партиски предзнаци, затоа што не можеме пред финансиските меѓународни институции да докажеме дека оваа Влада, оваа власт, сака да стави власт на пазарот на капитал, што е страшна порака не само за домашните инвеститори, и за странските.

Еве зошто е страшна. Затоа што надлежностите на ова тело се големи. Комисијата е надлежна за нови емисии. Комисијата е надлежна за давање на одобрение на јавни понуди за откуп на хартии од вредност, Комисијата е надлежна за давање на дозволи за работа на брокери, брокерски куќи, банки. Практично ова ќе биде целосно опфатено во политичка мрежа. Дава уверенија на лица кои што работат со хартии од вредност и на крајот на краиштата го контролира пазарот на хартии од вредност. Со овој предлог не може да придонесеме за јакнење на довербата на јавноста на институциите на пазарот со капитал.

На крајот, последното прашање кое што мене како дилема ми се отвора е за кој мандат ја бираме, или ќе ја изберете госпоѓата Кавракова, затоа што во предлогот од Владата воопшто не е јасно за кој мандат и за колку се избира за претседател на Комисијата за хартии од вредност госпоѓата Марина Наќева Кавракова. Не знам дали е ова намерно, затоа што според одредбите од членот 183 став 2, според кој функција претседател може да престане со поднесување на оставка, што е направено од претходниот и Собранието на Собранието на Република Македонија на предлог на Владата избира нов претседател за остатокот од мандатот.

Значи, доколку ја изберете, а навистина верувајте не зборувам политички, зборувам како човек, правник, но секако политичката казна на крајот ќе ја сносите вие, бидејќи набрзо ќе се јават меѓународните институции што е ова што сме го направиле. Значи, ако не е направено намерно, што се сомневам, затоа што службите знаат би требало доколку ја изберете госпоѓа Марина Наќева Кавракова да ја изберете за остатокот на мандатот на претходната претседателка госпоѓата Весна Пендевска.

Ова во предлогот не е направено, не знам од кои причини, господине заменик министер за финансии вие добро го знаете тоа и јас не знам од кои причини не е во предлогот на Владата тоа ставено. Можеби повторно да се фатиме на препад, но мислам дека тоа кога и да е ќе се види, треба дури и сега да го видите и уште еднаш изборот на госпоќа Марина Наќева Кавракова ќе биде победа можеби на мнозинството ...

(Реакција на некои пратеници од место)

Смејте се колку што сакате, јас ќе ве почитувам кога ќе излезете тука и ќе кажете три збора за некоја ваша забелешка. Значи, смешно ќе ни биде, но верувајте јас имам поголемо искуство од вас и тоа многу поголемо.

Овој закон и оваа Комисија кога ја формиравме независна беше еден плус во добивањето на кандидатскиот статус на Република Македонија. Сега, во очи на пишувањето на извештајот за отпочнување на преговорите вие со изборот на ваков кадар правите еден огромен минус за

Република Македонија кон евро интеграциите. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор господинот Владо Бучковски, но не тука.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе почитувани колеги, почитуван заменик министер.

Денешниот ден во работава на Собранието помина во најголем дел во дискусија околу Предлогот на Владата за претседател на Комисијата за хартии од вредност да биде именувана госпоѓата Марина Наќева Кавракова и мислам дека самиот факт што еве цел ден Собранието дискутира околу ова прашање би требало да не замисли сите нас и да укаже дека постои некој проблем кој што не е прифатлив ова лице да биде именувано на оваа позиција.

За жал, мислам дека Владата и прави прво лоша услуга на госпоѓата Марина Наќева Кавракова именувајќи ја на оваа позиција или предлагајќи ја за оваа позиција, а притоа знаеме дека реакциите однапред требало да претпоставаат ќе бидат вакви од опозицијата имајќи ги во предвид фактите кои што се наведени и во нејзината биографија а и оние што ние ги имаме како сознанија за нејзината политичка активност досега. И, мислам дека предлогот што го изнесе некој од колегите пратеници дека Владата треба да размисли да го повлече ова решение и да испадне со друго решение кое што ќе биде прифатливо за Собранието, бидејќи се работи за многу важна функција би било најдобар излез од оваа ситуација.

Но, бидејќи Владата не сака да го направи тоа и упорно инсистира на ова решение јас би сакал да кажам некои свои видувања околу предлогот.

Прво, ако ја проанализираме политичката кариера на госпоѓата Марина Наќева Кавракова ќе видиме дека таа била член на Извршниот комитет на партијата ДРУМ која веќе не постои и се приклучи кон ВМРО-ДПМНЕ. Значи, не е спорна нејзината политичка припадност и јасно е дека сега претпоставувам дека со спојувањето на овие две партии таа е член на ВМРО-ДПМНЕ. Од друга страна ако ја погледнеме нејзината професионална кариера која што ја добивме како пратеници во материјалите ќе видиме дека навистина била на позиции или во институции кои што во најмала рака биле на удар на јавноста во поглед на законитото и правилно работење во времето кога таа била на одговорни функции во овие институции. Значи од 1999 година до 2000 година таа била финансов директор на Царинската управа, во времето кога директор беше господинот Драган Даравелски за кој што сега Република Македонија има распишано потерница и го бараат да се врати во земјата за да се соочи со процес кој што треба да се води за неговата работа. Ако во тоа време или во обвинението стои дека се правени големи злоупотреби во Царината, пред се во делот на нејзиното финансиско работење, а финансов директор на Царинската управа била токму госпоѓата Марина Наќева Кавракова. Навистина под голем знак на прашалник е и нејзината компетентност или морална димензија да земе ваква одговорна функција како претседател на Комисијата за хартии од вредност. Ако во периодот од 2000 до 2001 година била генерален директор на Агенцијата за приватизација, а веќе кажаа колегите пратеници дека во тој период најголем дел од приватизациите се вршени со огромни дисконти, и тоа на купувачи кои што потоа во најголем дел не ги ни заживееја фабриките, туку едноставно ги оставија како споменици да стојат, а работниците да останат надвор од фабриките. Навистина прашањето е како ја вршела својата функција директор на Агенцијата за приватизација и во најголем дел фирмите во кои што се вршела продажбата доминантен сопственик била токму државата.

Сега откако 7 години била член на Советот на Народна банка на Република Македонија очигледно е дојдено времето повторно да се бара аранжман за оваа госпоѓа и тоа пред се по основ на нивната политичка припадност. Значи, никаде не можеме да видиме дека таа ќе може компетентно и одговорно да ја врши оваа функција и гледајќи го професионалниот ангажман, ангажман што го имала досега, а исто така судејќи според написите кои што во јавноста испаѓаат за институциите во кои што работела и во кои што вршела одговорни функции.

Ако се земе во предвид дека оваа Комисија за хартии од вредност согласно Законот има голема и значајна улога, еден вид контролор на севкупното работење на македонската берза на хартии од вредност, значи и на самата берза и на брокерските куќи, и на акционерските друштва кои што треба да издаваат хартии од вредност за да ги пласираат на пазарот навистина отвораме сомнеж како понатаму оваа Комисија ќе си ја врши својата функција.

Дали госпоѓата Марина Наќева Кавракова ќе издржи на притисокот доколку некоја од партиите има интерес за одредени случувања на берзата.

Во изминатиот период македонската берза успеа да изгради еден имиџ на институција која што професионално и одговорно си ја извршува својата функција, а гледаме дека во последната година или 6 месеци има и значителни движења на оваа берза во поглед на тргувањето со хартии од вредност, промена на сопственичка структура во одредени компании. Тоа е еден добар сигнал и за привлекување на странски инвеститори но исто така и за градење на имиџот на Република Македонија и во опкружувањето, но и пошироко како земја во која што може врз основа на добра проценка да истргуваат на берзата без притоа да има одредени влијанија или притисоци од некого.

Значи, во најголем дел берзата го изгради тој имиџ. За брокерските куќи исто така совесно и одговорно, сега за сега не сме прочитале, си ја вршат својата функција и мислам дека тоа се

должи делумно и на досегашната работа на Комисијата за хартии од вредност, која што сигурно си ја вршела добро својата улога и својата функција и не дозволувала да се случуваат некои настани на берзата, или во работењето на брокерските куќи кои што би го довеле во сомнеж и овој дел од економското работење во Република Македонија.

Мислам дека **Владата** требаше во најмала рака да биде свесна за овој факт и требаше добро да размисли кого ќе предложи за претседател на Комисијата за хартии од вредност, со партиски решенија за кои што не знам по кој основ, овде немавме објаснување, не може да се гради независност, интегритет на клучни институции во државата. Ние сакале или не, порано или подоцна, ќе се судриме со прашањето за стручноста, компетентноста, професионалноста на луѓето кои што ги назначуваме.

Оваа Влада кога беше и нејзиниот избор во Собранието на Република Македонија, во предизборната кампања а и во сите настапи после тоа рекоа дека пред се ќе даваат приоритет на стручните, на професионалните и на квалитетните кадри без оглед на нивната партиска припадност.

Мислам дека до сега во многу наврати ова залагање на Владата падна во вода и се именуваа, пред се партиски кадри. Сега и ова решение оди на контото на Владата дека пред се е партиско решение и решение кое, сакале или не, ќе почне да го доведува во сомнеж професионалното работење на Комисијата за хартии од вредност, а до колку постојат одредени интереси на владеачката партија и на македонската берза. Затоа мислам дека најдобро и најреално ќе беше предлогот да биде повлечен, Владата прво да излезе со измени и дополнување на Законот за хартии од вредност, да предвиди Комисијата и претседателот да се бираат врз основа на јавен конкурс на кој ќе конкурираат тие кои сметаат дека можат да одговорат на оваа функција и потоа Собранието да биде тоа што ќе го избере и претседателот и членовите на Комисијата за хартии од вредност, а не вака Владата да ги предлага членовите на Комисијата за хартии од вредност. Не можеме на овој начин да градиме професионални и компетентни институции на системот, институции кои професионално ќе си ја вршат работата.

Мене искрено ми е жал што, повторно ќе кажам, госпоѓата Марина Наќева Кавракова е ставена во ваква ситуација. Јас не ја познавам, но праксата досега покажала дека луѓето што се поставувани на овие позиции, а кои се припадници на одредени политички партии, во најголем дел својата функција ја вршат, пред се раководејќи се од партиските директиви и партиските интерси. Многу малку од нив имаат одважност и храброст да се одважат и да го бранат интегритетот на институциите во кои работат и со кои раководат.

Сметам дека ВМРО-ДПМНЕ имаше шанса да направи малку поинаква клима во Македонија и малку поинаку да ги постави работите околу предлагањето и избирањето на луѓе на вакви одговорни позиции, но за жал, ја испушти и сега Република Македонија веројатно уште долго време ќе се соочува со ова прашање.

Ние јас лично не можам да ја дадам својата подршка за госпоѓата Марина Наќева Кавракова, ќе гласам против предлогот, пред се затоа што многу малку беше објаснета нејзинат активност од страна на предлагачот, едино госпоѓата Валентина Боживновска ни кажа нешто околу нејзината професионална активност, но за жал, Владата требаше да го направи тоа, да објасни, да отвориме дебата и евентуално да не убедеше во оправданоста на ваквиот предлог. За жал, тоа не се случи, Собранието ќе изгуби, можеби голем дел од своето време за овие прашања, но најлошото е што владеачкото мнозинство со притискање на копчето ќе го аминува тоа. Не можеме на ваков начин да градиме професионализам и да го вметнуваме критериумот квалитет како доминантен, при изборот на луѓето. Од тие причини јас нема да го подржам овој предлог. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник господин Витанов Зоран.

**Зоран Витанов:** Благодарам потпретседателе.

Најпрвин, ќе ми дозволите да го изразам моето задоволство што толку многу дискутанти се јавуваат за економска тема, што не беше случај во последните два три месеци, што веројатно беше причина за моето, еве условно да кажам, молчење во Парламентот. Добро е што фокусот го ставаме на економијата, бидејќи ова што најпозитивно, а се случија многу позитивни работи на оваа Влада, ни се случи во изминатата година, е токму резултат и верификација на економската политика на Владата која се случи таму каде најмногу треба и каде единствен, реален барометар за тоа, тоа е берзата.

Ќе ми дозволите да ги поздравам сите дискутанти кои дискутираа на таа тема и повеќето од нив се фокусираа на кршење на аргументи со цел и понатаму да продолжи тој тренд бидејќи самото тоа е верификација од стрна на Парламентот на екомонската политика што ја води Владата, и тука нема сомнеж.

Меѓутоа, ќе ми дозволете да упатам една критика до предлагачот, тоа е Министерството за финансии односно Владата на предлог на Министерството за финансии, бидејќи гледам како одела коресподенцијата од Министерството до премиерот, што предлогот дојде без план и програма за работа, што е за мене недопустливо.

Јавноста знае, вие колеги веројатно и повеќе, јас во изминатите 6 месеци доста дискутирав на таа тема и овде во Парламентот посредно преку носење на Законот за банки и слични закони, меѓутоа и во јавноста имав настап на телевизија на дебатни емисии, имав големи интервјуа во најтиражниот неделен весник Фокус на таа тема, 4 колумни посветив во најтиражниот дневе весник Време на таа тема и токму тука

потенцирав и се уште потенцирам и тврдам дека толкувањата за Владата дали е успешна или неуспешна на економско поле се ирелевантни се додека берзата расте. Значи, Владата е успешна. Меѓутоа, имам чувство дека се наоѓаме на една критична точка од каде или и понатаму ќе продолжи тој берзански раст и довербата на инвеститорите или во најдобра форма таа може понатаму да стагнира.

Вие знаете дека по доаѓањето на Џек Велч во Загреб најавени се огромни странски инвестициски фондови кои се присутни во Хрватската берза, Љубљанската бераз, во Сараево, Подгорица, Белград и во Скопје, за среќа. Знаете дека е тоа најголемиот индикатор и најдобрата причина зошто берзанскиот индекс за 2,5 пати, не за 2,5% како што е нормално на Њујоршка или Лондонска берза или на Токиска, туку за 2,5 пати се покачи берзанскиот индекс од 31.12.2006 година до 01.09.2007 година што не паметам, освен во Подгорица во Црна Гора двете берзи, бидејќи таму има две берзи, не знам каде на друго место има таков раст.

Овде имаше некои тези дека тоа се случило благодарение на актуелната претседателка на Комисијата за хартии од вредност и јас сакам веднаш да кажам дека ова е тотална невистина и небулоза, бидејќи тоа е регулаторно тело и тие можат само да ги нивелираат и регулираат односите кои се случуваат на берзата, а не да влијаат во нагорна или надолна линија. Веднаш да го искажам мојот став, кој не е тајна се искажа во три мои колумни во дневниот весник Време каде тврдев дека што побрзо си замине актуелната претседателка на Комисијата за хартии од вредност тоа подобро ќе се случи за берзата и се уште стојам зад тоа. Тие што следат ќе се сетат на една од моите колумни каде гласеше наслов Комисијата за хартии од вредност - версус Адам Смит каде со многу големи критики, меѓутоа со  аргументи упатив дека актуеланата Комисија за хартии од вреднсот и ќе дадам само два конкретни примери:

Првиот е настапот на претставниците на Комисијата на фамозната Охридска конференција каде буквално ги уплашија странските инвеститори и народот некаде на почетокот на март оваа година, па берзата веднаш после таа конференција забележа нагло одење во надолна линија.

Второ е поставување на нелогичните пондери при крајот на мај и почетокот на јуни, каде во јуни повторно македонската берза благодарени на Комисијата за хартии од вредност доживеа уште поголем пад.

Нормално, јас и тогаш и сега тврдев и тврдам дека берзата и понатаму ќе расте и еве на 1 септември имаме индекс 4.000, индекст 10.000. Меѓутоа, не значи дека слепо ќе подржам секаков предлог на Владата. Мојата дискусија сакам да се сфати како благо предупредување затоа што не сакам да зборувам за личноста која е предложена од проста причина што не ја познавам. Тоа што го зборуваше опозицијата не ми е аргумент да гласам против неа од проста причина што тие беа 4 години на власт и имале можност да покренат кривични пријави. Штом тоа не е направено ценам дека се работи за најобично замајување на јавноста и демагогија. Додека не се извадат факти, тоа не е така. Презунцијата на невиност конечно во овој Парламент мораме да ја почитуваме. Меѓутоа, треба да се каже дека еден од моите основни фактори кои јас ги владеам како клучни фактори за раст на берзата е тоа што не растат бизнисите или добрите инвестиции или бизнис плановите,туку расте потценетата актива при проценката на капиталот што во времето своевремено го правеше Агенцијата за приватизација на Република Македонија и проценителите во таа Агенција.

Сепак дотичната госпоѓа која ние сега овде ја имаме како предлог од Владата учествувале во тоа, додуша во краток период и на крајот на работењето на Агенцијата за приватизација, но сепак има одобрување од 95% дисконт, што е причина за раст на берзата. Оттука има една предрасуда во професионализмот. Тие мои дилеми ќе беа разрешени до колку слушнев по издржани аргументи зошто се предлага токму таа госпоѓа, а особено доколку имаше план и програма за работа на предложениот кандидат за претседател на Комисијата за хартии од вредност.

Оттука, да не должам многу, почитуван потпретседателе, сакам да упатам еден предлог овде ние да ја прекинеме дискусијата и сепак да добиеме план и програма за работа барем во периодот од една година, бидејќи знаеме дека мандато на претседателот на Комисијата за хартии од вредност трае година дена за да знаеме за што,  а не за кого треба да гласаме. Пак ќе потенцирам ирелевантни се обвинувањата кон дотичната госпоѓа, целосно го подржувам ставот на госпоѓа Валентина Божиновска дека презунцијата на невиност мораме да ја почитуваме затоа тврдам, познавајќи ја кадровската политика што до сега ја водеше Владата и премиерот Никола Груевски дека немам предрасуди по однос на криминогетните дејствија, но сакам да знам каков план и програма понатаму ќе спроведува Комисијата за хартии од вредност. Причината е многу едноставна.

Да не должам, ќе наведам само неколку аргументи, а тоа е следното:

Согласно Законот за хартии од вредност Комисијата ги врши, помеѓу другите, ќе скокнам неколку, следниве функции:

Донесува акти односно правилници кои произлегуваат од законите  во нејзина надлежност. Понатаму, тие акти и правилници имат директна импликација врз довербата на потенцијалните инвеститори, овде пред се мислам на странските инвестициони фондови кои конечно намирисаа за прв пат во историјата на

Република Македонија шанса за заработка и шанса за економски раст токму на македонската берза. Не е сеедно каква клима и каков амбиент ќе остави новиот претседател на Комисијата за хартии од вредност односно планот и програмата што тој ќе го понуди ќе бидат уште истиот ден анализирани не само од Светската банка и ММФ, туку пред се од странските потенцијални инвестициски фондови.

Понатаму, скокам неколку надлежности, вели го регулира начинот на тргување со хартии од вредност на берзата. Затоа го дадов примерот во мај - јуни кога со пондерите директно Комисијата за хартии од вредност наместо да ја пушти невидливата рака на Адам Смит да го регулира тоа, се обидоа тие да регулираат како и на кој начин странските инвестициски фондови воопшто инвеститорите дури и малите акционери ќе учествуваат на берза, па дојде до невиден и неочекуван пад во јуни на берзата. Значи, сепак импликациите можат да бидат сериозни, бидејќи како што кажа еден од дискутантите парите се сепак една од најсериозните работи не за друго, затоа што се најсериозен гарант за економскиот развој и не дај Боже повторно за економската стагнација која ни здосади во изминатите 15 години.

Понатаму, Комисијата за хартии од вредност врши контрола на работењето на централниот депозитар на хартии од вредност. Многу значаен момент, бидејќи таа е и по Законот хиерархиски поставена над централниот депозитар. Овде морам да кажам дека централниот депозитар во Република Македонија е организиран на многу ефикасен начин и дека самата организација на берзата, всушност е копија на словенечкиот начин на организација, а словенечкиот копија на лондонскиот начин на организација на берзата, што е гарант за сигурност преку централниот депозитар за хартии од вредност и преку начиност на организаторот на странските директни инвестициони фондови кои дојдоа и кои во голем број се најавени во Република Македонија.

Само да ве известам и официјално гуруто на берзанското работење во светот господинот Џек Велч на последната средба во Загреб која се одржа ова лето најави можно присуство во Охрид и тоа во следната 2008 година благодарение на доброто работење и добриот економски амбиент за инвестирање што се јави на берзата што дефинитивно мораме да го следиме со реална и добро издржана план и програма.

Да заклучам, не се сомневам во квалитетите на предложената госпоѓа, и јас се приклучувам на најголемот број кој кажа дека воопшто не ја познавам и тоа не го сметам за хендикеп ниту за предност. Тоа што сакам да знам е со кој план и програма ќе настапи.

Уште еден аргумент по однос на надлежностите на Комисијата за хартии од вредност, Комисијата дава согласност за именување на раководните лица на берзата. Внимавајте, директно дава согласност за раководните лица на берзата, за централниот депозитар на хартии од вредност, брокерските куќи кои еве имаме најава за отворање на уште 4 - 5 нови кои чекаат на одобрување во Комисијата за хартии од вредност во работењето со хартиите од вредност и на раководните лица во Друштвото со управување со инвестиционите фондови. Токму тие кои јас ги нарекувам китови, најмногу влијаеа за драматичниот позитивен пораст и конечно откривањето и на македонскиот пазар како потенцијален, добар и атрактивен пазар за странски инвестиции и од Законот за инвестициските фондови.

Да заклучам, сепак предлагам да ја прекинеме овде дискусијата и да добиеме план и програма за работа на предложениот кандидат за претседател на Комисијата за хартии од вредност. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Во меѓувреме се јавија повеќе колеги пратеници. Ние расправата, колега Витанов, не можеме да ја прекинеме се додека има пријавени пратеници, единствено Деловнички во 18,00 часот крајот на работното време предлагачот може да одлучи она вие што го баравте тој може да одлучи.

Бидејќи сме на крајот на работното време, меѓутоа според дисплејот има уште 4 дискутанти, тогаш имаме простор за една реплика.

Повелете за реплика господине Најдовски, три минути.

**Слободан Најдовски:** Благодарам потпретседателе.

Мојата реплика е повеќе согласно членот од Деловникот дообјаснување на господинот Витанов.

Имам впечаток дека господинот Витанов во се не подржа како позиција и во нашата основна заложба по однос на изборот на кандидатот ама му е страв некако да каже дека сме во право. Но, тоа е едната работа.

Она што сакам како дообјаснување и дополнување на неговата дискусија е точно се јави со едно соопштение во медиумите Комисијата за хартии од вредност по однос на движењето на берзата и порастот на берзата дека тоа имаше негативно влијание. Но, би требало да биде коректен и да го дополни тоа свое изјаснување. Во исто време единствена држава сме во светот, имаше изјава на премиерот на Владата на Република Македонија господинот Никола Груевски дадена пред берзата, пред просториите на берзата на влезната врата каде премиерот повика дека е ова веќе проблематично, го парафразирам, и дека укажува дека не треба да се купуваат акции на берзата.

Е, сега во секоја нормална држава после една таква изјава на премиер имам страшно чувство кон пад на вредноста на акциите на берзата. Се согласувам со вас по однос на Комисијта, но бидете до крај објективен, кажете ја и изјавата на премиерот, се вмеша каде што не му е местото.

И тоа имаше уште поголемо влијание, ако сакате да знаете, него соопштението на Комисијата за хартии од вредност.

Кога кажувате дека толку, ради успешната работа на Владата, расте берзата, може тоа да го гледаме кај берзата, али многу повеќе со вас би се согласил ради потценетоста, порано, на капиталот, сега тоа е многу поголемо влијание.

Ако беше толкав одразот од успешното работење на Владата, на економски план, сега ќе имавме заинтересирани и за ОХИС и за ЕМО, а гледате што ни се случи. Тоа не упатува на тоа дека сепак немаат доверба во успешната економска политика на Владата, туку е сосема друго. Многу повеќе се согласувам со вас околу тоа дека во прашање е потценетоста на капиталот од тогаш кога се приватизираше.

Би заклучил со тоа дека господинот Витанов, од околу но точно кажа дека соодветната госпоѓа не ја поддржува и тоа е добр од партијата која ја поддржува власта, што го побара истото штоние го побаравме за госпоѓа Кавракова да ни достават и затоа на почетокот на самата дискусија реков многу поиздржано образложение.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Зоран Витанов.

**Зоран Витанов:** Прво, јас ќе го замолам господинот Најдовски да не ми импутира тоа што не сум го кажал. Јас апсолутно, гледајќи го свито, гледам дека жената е компетентна. Меѓутоа, конечно да сфатиме и СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ, не треба да гласаме личности, треба да гласаме програми. Тоа е тоа против што јас имам против за да викаме таа е наша или ваша, туку сакам да видам со кој план и програма, некој што го предлагаме за таква клучна позиција која има сериозни импликации, позитивни и негативни, на најважната институција во било која држава, тоа е пазарот, како ние понатаму ќе знаеме дали ја спроведува и дали работи добро, бидејќи стискањето на моето копче, за или против, носи многу одговорност и на мене како личност, по однос на тоа како понатаму ќе се одвива работењето на Комисијата за хартии од вредност.

За ОХИС има многу што да кажам. Владата избра еден модел.

Мојот предлог беше берзанска аукција, тоа не се случи и еве грешката е тука.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Со тоа денес ја завршуваме работата.

Продолжуваме утре во 11,00 часот со остатокот од репликите со истата седница.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)